Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia




# 2026

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# PROGRAMI PËR PUNË
# PLAN OF ACTION

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **3** | Вовед |
| **4** | Ситуациска анализа |
| **6** | За Црвен крст на РСМ |
| **8** | Мандат, помошна улога и клучни активности во општественото опкружување |
| **12** | Трансформација 28 |
| **14** | Организациски развој |
| **16** | Меѓународна соработка |
| **18** | Социјално-хуманитарни програми |
| **22** | Хуманитарна асистенција на лица во движење |
| **26** | Подготвеност и одговор при катастрофи |
| **29** | Ментално здравје и психо-социјална поддршка |
| **32** | Климатски промени |
| **34** | Здравствено-превентивни програми |
| **36** | Прва помош |
| **38** | Крводарителство |
| **41** | Менаџирање на волонтери и членови |
| **44** | Служба барање – воспоставување на семејни врски |
| **46** | Дисеминација и меѓународно хуманитарно право |
| **48** | Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности |
| **50** | Млади на Црвен крст |
| **53** | Планирање, мониторинг и евалуација |
| **56** | Дигитална трансформација, информирање, комуникации и односи со јавност |
| **59** | Финансиско работење |

# ВОВЕД

Гордоста што произлегува од нашето наследство и довербата што секојдневно ни ја укажуваат граѓаните, ни даваат сила и мотивација да продолжиме да бидеме столб на поддршка за оние кои се соочуваат со животни предизвици. Во 2026 година, Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе продолжи посветено да одговара на хуманитарните потреби на најранливите категории на население, на темелите на нашата 80–годишна традиција на волонтеризам, солидарност и човечност.

Соочени со постојани промени и зголемени предизвици – од климатски непогоди, преку миграциските текови, до потребата за обезбедување социјална поддршка како и сеопфатна грижа за старото и хронично болно население – остануваме фокусирани на она што е најважно: луѓето. Нашата работа во 2026 година ќе се заснова на проширување на пристапот до здравствени и социјални услуги, прва помош, психосоцијална поддршка и активно учество во зајакнување на отпорноста на заедниците.

Ќе продолжиме да ја остваруваме нашата помошна улога кон институциите во државата, преку унапредување на системите за подготвеност и одговор при катастрофи, адаптација на заедниците кон климатските промени, и развој на инклузивни програми за социјална поддршка. Волонтерството и младинското учество остануваат наш основен двигател – токму затоа инвестираме во нови пристапи за ангажман, дигитални платформи, обуки и активности кои ја градат довербата и капацитетите на нашите луѓе.

Во рамките на Трансформативниот процес 28, ќе ја продолжиме дигитализацијата, ќе ја зајакнеме внатрешната координација и ќе го прошириме нашиот модел на социјално претприемништво, обезбедувајќи поголема финансиска одржливост и иновативни решенија за растечките потреби во општеството.

Овој годишен план не е само документ – тој е патоказ кој ја отсликува нашата хуманитарна визија, вредностите кои нè водат и нашата одговорност пред заедницата. Се потпираме на вашата доверба, поддршка и соработка. Заедно можеме повеќе. Заедно градиме похумано општество.

д-р Саит Саити
Генерален секретар

проф. д-р Ромел Велев
Претседател

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •

# СИТУАЦИСКА АНАЛИЗА

Во 2026 година, глобалниот хуманитарен сектор се соочува со сè посложени и меѓусебно поврзани кризи. Климатските промени, продолженото траење на конфликтите, растечката економска нееднаквост, присилната миграција и сè почестите природни катастрофи ги надминуваат капацитетите на хуманитарните организации ширум светот. Според меѓународни извештаи, над 360 милиони луѓе ширум светот ќе имаат потреба од хуманитарна поддршка во 2026 година – значително повеќе од претходните години.

**Катастрофите предизвикани од климатските промени** – како поплави, пожари и топлотни бранови – се сè почести и поинтензивни. Тие не само што ги загрозуваат животите и инфраструктурата, туку и ја влошуваат безбедноста на храната, здравствените состојби и предизвикуваат нови миграции. Хуманитарниот сектор треба да обезбеди реактивен пристап кон превентивни и одржливи решенија базирани на отпорност.

**Геополитичката нестабилност и продолжените конфликти**, особено во регионите блиски до Европа, продолжуваат да предизвикуваат прекугранични миграции и дополнително ги оптоваруваат ресурсите на земјите на транзитните рути. Секторот исто така се соочува со недостаток на одржливо финансирање, поради „замор на донаторите“ и пренасочување на приоритетите, што го отежнува долгорочното планирање.

**Дигиталната трансформација** е уште еден двоен предизвик. Иако технологијата може да го подобри доставувањето на помошта, дигиталниот јаз и загриженоста за сајбер-безбедноста стануваат особено важни. Дезинформациите, особено во контекст на здравствени кризи, дополнително ги усложнуваат хуманитарните интервенции.

**Регионално и национално опкружување со влијание врз Црвениот крст на РСМ.** Како национално друштво кое делува во европски контекст, Црвен крст на РСМ работи во специфично опкружување – на крстосница на регионалните миграциски текови, социо-економска ранливост и во регион исключително изложен на влијанија од климатските промени. Во 2026 година, неколку специфични предизвици ќе влијаат на оперативното опкружување на Црвен крст на РСМ:

1. **Миграција и раселување:** Северна Македонија останува транзитна земја за мигранти и бегалци. Со оглед на континуираната нестабилност на Блискиот Исток и Африка, Црвен крст на продолжува да ги обезбедува своите услуги на граничните премини и во внатрешноста на земјата, преку обезбедување на прва помош, психосоцијална поддршка и правна поддршка.
2. **Вонредни состојби предизвикани од климатските промени:** Локализирани поплави, суши и пожари како резултат на екстремни температури се почесто се случуваат во нашата земја, со посебно влијание врз руралните средини. Црвен крст на РСМ посебен акцент во својата работа ќе насочи на унапредување на своите капацитети за намалување на ризици од катастрофи, подготвеност на заедниците и обезбедување на итен одговор.
3. **Здравствена и социјална грижа и поддршка за постарото население:** Земјата се соочува со стареење на населението и зголемена зачестеност на хронични

болести. Црвен крст на РСМ ќе работи на унапредување на своите здравствени и социјални услуги – како што се промовирање и организирање обуки по прва помош, обезбедување психо-социјална поддршка организирање кампањи за дарување крв и услуги за обезбедување грижа во заедницата со акцент на постарото и изнемоштено население.

4. **Мобилизирање волонтери и вклучување на младите:** Слично како и другите национални друштва, Црвен крст на РСМ се соочува со предизвици во одржување на мотивацијата на волонтерите, особено меѓу младите. Потребно е зголемено дигитално ангажирање, посебно креирани обуки и активности за заедничко градење доверба и капацитети.

5. **Финансиска одржливост:** Организацијата во голема мера зависи од донаторски и јавни средства за своето функционирање. Црвен крст на РСМ ќе работи на обезбедување на разновидни извори на приходи, вклучително и преку социјално претприемништво и воспоставување на нови локални партнерства.

За успешно справување со овие предизвици во 2026 година, Црвен крст на РСМ посебен акцент во својата работа ќе насочи на следниве аспекти:

- **Инвестирање во капацитети за рано предупредување и превентивни дејствија** за обезбедување поефикасен одговор на катастрофи и кризни состојби.
- **Засилена прекугранична соработка** со соседните национални друштва и институции во областа на миграцијата и обезбедување поддршка при катастрофи.
- **Проширување на програмите во заедницата** – здравствена грижа, подготвеност при катастрофи и социјална вклученост, особено во руралните и маргинализирани средини.
- **Подобрување на дигиталните алатки и инфраструктурата** за управување со податоци, вклучување на корисници и менаџирање на волонтери.
- **Промоција на инклузивни волонтерски политики**, со фокус на млади, повозрасни и ранливи групи.



# ЗА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Иницијативата за официјалното формирање на Црвениот крст на Македонија е усвоена на Второто заседание на АСНОМ одржано на 14 август 1944 година. Основачкото собрание на Црвениот крст на Македонија е одржано на 17 март 1945 година во Скопје и овој датум се одбележува како датум на формирање на Црвениот крст на Македонија. Во периодот помеѓу 1945–1992 година Црвениот крст на Македонија делува во рамки на Југословенскиот Црвен крст. Во периодот од 1946–1948 год., Црвениот крст е активно вклучен во обезбедување на поддршка и згрижување на децата бегалци. Во наредните години се изведуваат собирни акции за помош, се организира доброволно дарување крв, се изведуваат здравствени и други хуманитарни акции, се вршат едукативни активности на населението. Посебен придонес со својата работа Црвениот крст дава при поплавите кои ја зафаќаат Македонија во 1962 година, и катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година.

По распаѓањето на Југославија, од 21 мај 1992 година ЦКРСМ продолжува да дејствува како независно национално друштво. Работата на организацијата е уредена со посебен Закон за Црвениот крст на Република Македонија донесен на 26 јули 1994 година и Статутот на националното друштво. ЦКРСМ е признат како национално друштво од Меѓународниот Комитет на Црвен крст на 01.11.1995 год., додека на 27 ноември 1995 година станува полноправен член на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина. Организацијата ја сочинуваат 33 Општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, 19.000 членови, 4.000 активни волонтери и околу 200 вработени лица.

Во деведесеттите години од минатиот век Црвениот крст на РСМ обезбедува хуманитарна поддршка за над 70.000 бегалци од поранешните Југословенски републики кои побараа засолниште во нашата земја. Врв на хуманитарните операции од тој период е обезбедувањето на поддршка за околу 400.000 бегалци од Косово во 1999 година. Црвениот крст е активен и за време на внатрешниот судир во државата во 2001 година, кога е обезбедена поддршка за околу 80.000 внатрешно раселени лица.

Во изминатата три децении организацијата дава посебен придонес во обезбедување на хуманитарна поддршка за настрадано население во повеќе држави во светот (земјотресот во Турција во 1999 год., цунамито во Индонезија, Малезија и Шри Ланка во 2005 год, поплавите во Романија и Бугарија во 2005 год., земјотресот во Јапонија во 2011 год., поплавите во Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска, Црна Гора, Словенија и Албанија во последните десетина години, и земјотресот во Турција и Сирија во 2023).

Во нашата земја во периодот од 2015–2016 год. Црвениот крст работи на надминување на последиците од големите поплави во Тетовско и Скопско и централна Македонија. Во периодот од 2014–2025 год., Црвениот крст во соработка со домашни и меѓународни партнери обезбедува хуманитарна поддршка за над 672.000 мигранти кои транзитираа низ државата преку обезбедување на прва помош, транспорт до болница, храна, облека и хигиенски производи и спојување на разделени семејства. На овој план посебно треба да се истакне и хуманитарната поддршка на ЦКРСМ за неколку стотини бегалци од Авганистан во 2021 година кои одреден временски период престојуваа на територијата на нашата држава како и поддршката за околу 500 бегалци од војната во Украина кои сеуште се во нашата земја.

Во 2015 година, Меѓународната Федерација му го додели првиот сертификат за силно национално друштво на Црвениот крст на РСМ за исполнување на стандарди и квалитет во работата.

ЦКРСМ исто така е носител на хуманитарните напори во нашата земја за справување со последиците од земјотресите кои се случија во 2015 година во Скопје, Охрид, Дојран и други градови во државата. За среќа, тие земјотреси не предизвикаа сериозни последици, но активностите на ЦКРСМ беа насочени кон обезбедување едукација, психосоцијална поддршка и подигнување на јавната свест на населението за заштита од земјотреси.

Посебно треба да се издвојат напорите на ЦКРСМ за справување со последиците од шумските пожари во летниот период кои се актуелни повеќе години наназад, особено при пожарите во Беровскиот и Кумановскиот регион во 2021 година, како и шумските пожари на територијата на целата земја во 2024 и 2025 година.

Во 2025 година ЦКРСМ активно се вклучи и во поддршка на настраданото население од пожарот во Кочани со координирање на активностите за мобилизирање на средства за помош, обезбедување на прва помош и психо-социјална поддршка, материјална помош и друг вид на поддршка.



# МАНДАТ, ПОМОШНА УЛОГА И КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТЕСТВЕНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Со цел да одговори на потребите на различни целни групи, Црвениот крст на РСМ има блиска соработка со институции и партнерски организации за превенција на болести, промовирање на крводарителството и првата помош, подобрување на менталното здравје и ублажување на човечкото страдање преку сопствени програми на полето на образованието и здравствена и социјална грижа за доброто на заедниците. Националното друштво спроведува итни операции за обезбедување на хуманитарна помош и други услуги за помагање на жртвите од вооружени судири согласно со Женевските конвенции и помош за настрадани од природни катастрофи и други вонредни ситуации. Го промовира почитувањето на меѓународното хуманитарно право, основните принципи и идеали на Движењето и ја подигнува свеста за заштита на амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина. Работата на националното друштво е уредена со посебен Закон за Црвениот крст на Република Македонија.

ЦКРСМ од своето формирање до денес негува плодно партнерство со државните институции и согласно со својот мандат испорачува услуги вршејќи ја својата помошна улога преку редовни активности и за време на итни состојби овозможувајќи низа услуги од интерес за различни целни групи. На овој план Црвениот крст дава посебен придонес во сферата на подготвеност, одговор и опоравување од кризни состојби и катастрофи, справување и адаптирање на новонастанати ризици од климатски промени и поддршка за луѓето да се прилагодат и справат со овие предизвици. Дел од овие услуги Црвениот крст ги обезбедува самостојно и во целост со овластување и во име на државата, а дел од услугите претставуваат комплементарен придонес и поддршка на напорите на другите државни и недржавни институции и организации.



На здравствено хуманитарен план посебно треба да се одбележи придонесот на ЦКРСМ за справување со последиците од кризата со Ковид–19. Мобилните тимови на ЦКРСМ обезбедуваа помош на постари и изнемоштени граѓани, обезбедени се СОС линии за психосоцијална помош, транспорт на стари лица до пунктовите за вакцинација како и административна поддршка на пунктовите за вакцинација, прва помош, хуманитарна помош во храна, топли оброци, средства за хигиена, средства за заштита и дезинфекција и постелнина. Придонесот на ЦКРСМ во поширокото општествено опкружување е мултисекорски. На социјално хуманитарен план Црвениот крст дава посебен придонес во унапредување на добросостојбата на нашите граѓани, особено лица изложени на одредени ризици кои наложуваат сеопфатна социјална поддршка. Организацијата посветува посебна грижа за унапредување на животот и здравјето на постарото население. Од 2011 година до денес ЦКРСМ развива вонинституционални форми за социјална заштита на старите лица, кои се спроведуваат ширум државата преку локалните организации на Црвен крст. Во Скопје функционираат три Дневни центри за активно стареење преку Црвениот крст на град Скопје, а вакви центри делуваат и преку општинските организации на Црвен крст Дебар, (Центар Жупа), Струмица (Турново) и Крива Паланка. Преку активностите се обезбедува психо-социјална и здравствена поддршка на старите лица, совладување на вештини за зачувување на менталното здравје, како и активности за задоволување на нивните приоритетни потреби.

ЦКРСМ од 2017 година ја обезбедува услугата помош и нега во домот и има функционален Нега центар преку кој до денес континуирано се испорачуваат услуги за стари лица на територија на градот Скопје. Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Со цел да се придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина, ЦКРСМ од 2018 година делува како лиценциран провајдер на услугата лична асистенција на лица со попреченост. Личната асистенција обезбедува поддршка на лицето со попреченост во неговото осамостојување и независен живот, согласно нивните индивидуални потреби. Оваа услуга се испорачува преку 11 локални организации на Црвениот крст ширум државата.

Од 2008 година Црвениот крст преку својот Пункт за бездомници обезбедува сеопфатна поддршка за бездомни лица во форма на лекарски прегледи, психо–социјална поддршка, правна помош, фризерски услуги, чиста облека и топли оброци. Со бездомните лица особено се работи на поттикнување и овозможување на нивна вклученост во стекнување на соодветни професионални квалификации или преквалификации со цел поддршка за полесен пристап до пазарот на труд – работен ангажман кој пак е пресуден момент за нивно успешно реинтегрирање. Во рамки на пунктот, при екстремно ниски температури функционира и привремено прифатилиште за бездомници. Посебно треба да се истакне и пилот услугата на ЦКРСМ „Итно копче“ која е достапна од 2022 година наменета за помош на стари лица и лица со попреченост, која на корисниците им овозможува да се чувствуваат безбедно во домот и покрај тоа што живеат без придружба, бидејќи можат да остварат помош при итни ситуации кога не се во можност самостојно да најдат решение за настанатиот проблем. ЦКРСМ исто така од неодамна обезбедува и посебен транспорт за стари лица и лица со попреченост со посебно опремени наменски возила за превоз на корисници, кои не се во можност самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална или друга административна услуга.

Вредно е да се напоменат и здравствено превентивните програми на ЦКРСМ кои во континуитет адресираат здравствени приоритети на најранливите групи на население преку подигање на свеста за превенција на различни предизвици кои ги носат со себе заразните и незаразните болести и подобрување на пристапот кон здравствена грижа во заедниците, примарно преку здравствена промоција, мобилизација на заедниците, превенција на заболувања и нивна контрола. Во рамките на редовните програмски активности се организираат едукативни предавања, работилници и кампањи за борба против одредени заболувања и состојби, како на пример: срцевосадови заболувања, рак, сексуално преносливи заболувања, ХИВ / СИДА, туберкулоза, болестите на зависност, дијабетес, пандемиски заразни заболувања, климатски промени и друго.

Посебно треба да се истакне придонесот на ЦКРСМ во областа на едукација на населението за правилно и навремено пружање на прва помош. Националното друштво редовно спроведува курсеви по прва помош за кандидати за возачи, курсеви за работни организации, курсеви по прва помош за пловни објекти, како и курсеви по прва помош за општа популација и посебни целни групи. Покрај обуките по прва помош, ЦКРСМ спроведува кампањи, едукативни работилници, симулациски вежби во соработка со други надлежни органи и партнери, натпревари по прва помош за младите од основно и средно училиште и многу други активности за едукација и подигнување на јавната свест на населението за важноста на првата помош.

За време на студените и топлотните бранови земајќи ги во предвид потребите на населението, ЦКРСМ презема превентивни активности за заштита на здравјето на населението од последиците кои можат да се јават како резултат на изложеност на екстремно надворешни температури ставајќи акцент на најранливите групи на население, како бездомници, социјално сиромашни семејства, стари лица, деца итн.

Една од поважните и широко препознати активности на ЦКРСМ е секако промоцијата на доброволното крводарителство и обезбедување на крвни единици за потребите на здравствените институции во државата. На годишно ниво, Црвениот крст во соработка со Институтот за трансфузиона медицина мобилизира околу 55.000 единици крв кои редовно ги задоволуваат потребите на здравствениот систем. Во таа насока, добро е да се одбележи и функционалноста на Дневниот центар за крводарување на ЦКРСМ во Скопје кој делува од 2014 година во Скопје.

Во последниве неколку години вредно е да се одбележи дека ЦКРСМ презема лидерска улога во земјата како организација која обезбедува низа активности за психосоцијална поддршка за различни целни групи. Преку својот Центар за ментално здравје, од 2022 година ЦКРСМ обезбедува систем за испорака на психолошка прва помош и психо-социјална поддршка кој што цели кон заштита на менталното здравје и зајакнување на отпорноста на волонтерите, вработените на Црвениот крст и населението со посебен акцент на обезбедување ментална поддршка при итни состојби.

Една од есенцијалните услуги кои ги обезбедува ЦКРСМ како помошник на властите во државата е секако Службата за воспоставување на семејни врски која се спроведува како јавно овластување согласно со Женевските конвенции и Дополнителни протоколи. Црвениот крст спроведува активности за спречување на одвојување или исчезнување како и повторно воспоставување на контакти помеѓу разделени членови на семејства и појаснување на судбината на лица кои се пријавени за исчезнати.

ЦКРСМ спроведува редовни дисеминациски активности кои претставуваат ширење на знаења за улогата и мандатот на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, основните принципи на Движењето, Меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности. Во рамки на активностите за дисеминирање на Меѓународното хуманитарно право, Црвениот крст на РСМ организира низа активности за едукација и промоција на МХП со Армијата на РСМ, Министерството за внатрешни работи и други државни институции кои се надлежни за имплементација, промоција и почитување на Меѓународното хуманитарно право. ЦКРСМ исто така ја координира и работата на Националниот Комитет за меѓународно хуманитарно право во кој членуваат преставници на повеќе министерства и има за цел хармонизација на националното законодавство со меѓународното хуманитарно право, ефективна имплементација на МХП преку преземање и следење на практични мерки и активности, следење на развојот на МХП и негова дисеминација во различни сегменти на општествениот живот.

ЦКРСМ има водечка улога и во организирање национални кампањи за населението погодено од кризни состојби и катастрофи во земјата и странство. Вредно е да се напомене и контунираната достапност на тимовите на ЦКРСМ во случај на итни состојби, како што се единицата за одговор при катастрофи, национален интервентен тим за одговор при катастрофи; тимовите за одговор при катастрофи во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, Тим Македонија, националниот тим за прва помош и националниот тим за психо-социјална поддршка кои во континуитет обезбедуваат поддршка за населението на нашата земја при итни состојби или хуманитарни операции. Освен горенаведените тимови, ЦКРСМ во своето работење презема и активности за безбедност и спасување на вода со поддршка на меѓународно сертифицирани спасителите на вода. ЦКРСМ низа години успешно спроведува и активности за спасување на планина во Скопје и Охрид.



# ТРАНСФОРМАЦИЈА 28

Од почетокот на 2024 година Црвениот крст на РСМ започна со имплементација на развојна рамка Т–28 која претставува сублимат на заложбите на националното друштво за спроведување на процес на промени во периодот 2024–2028 година. Т–28 опфаќа 24 трансформациски процеси кои ги искажуваат заложбите за промени на нашата организација со цел да остане во чекор со новите трендови и да се обезбеди поефективно и одржливо функционирање на националното друштво. Овие меѓусебно поврзани процеси ги искажуваат нашите амбиции за преземање на таргетирани активности да бидеме поуспешни и поефикасни во имплементацијата на нашите програми и проекти и градење одржливи партнерства за подобрување на животот на населението во локалните заедници и зајакнување на капацитетите на националното друштво.

Програмата за работа за 2026 година ги инкорпорира трансформациските активности на Црвениот крст на РСМ кои претставуваат израз на заложбите и амбициите на нашите волонтери, членови и вработени каде промените во нашето работење претставуваат средство за поуспешно и поодговорно делување во согласност со потребите и очекувањата на нашите корисници на услуги и состојбите во поширокото општествено опкружување. Црвениот крст на РСМ продолжува со имплементацијата на процесот Т–28 со фокус на културолошките, организациски, програмски и дигитални промени со цел да се зајакне способноста на организацијата да одговори на актуелните хуманитарни предизвици и да обезбеди поефикасни и одржливи услуги во заедниците.





Посебно внимание посветуваме на трансформацијата на организациската култура за да стимулираме позитивни промени во начинот на размислување и однесување и унапредување на соработката на нашите вработени и волонтери каде лидерите на нашата организација имаат централна улога во моделирање на култура која ги поттикнува вработените и волонтерите да негуваат вредности како што се одговорност, доверба и инклузивност. Националното друштво продолжува со процесот на прилагодување на организациската структура, следејќи ги актуелните потреби на заедницата и технолошкиот напредок, фокусирајќи се на оптимизација на управните и раководни процеси, и усогласување на нашите стратегии и политики со современите трендови.

Продолжуваме да стимулираме нови пристапи за поефективна имплементација на нашите програми, засновани на локалните потреби. Истовремено продолжуваме да работиме на редизајнирање на нашите работни процеси со цел да постигнеме поголема ефикасност и искористеност на постоечките ресурси. Програмските активности ќе ги фокусираме на идентификување и задоволување на потребите на заедниците врз основ на социо–економските и демографски услови и општествените предизвици, со цел да обезбедиме долгорочна одржливост на нашите услуги. Дигиталната трансформација е наш важен двигател за подобрување на работните процеси и услуги на нашата организација па затоа продолжуваме да инвестираме во нови дигитални технологии кои ќе ни овозможат поефикасно управување со ресурсите, побрз проток на информации и подобрена транспарентност како и поголема достапност до хуманитарни услуги, а исто така и унапредена соработката со партнерите и донаторите.

# ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Развој на националното друштво како силен и ефективен локален чинител



## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Во 2026 година, развојот на националното друштво ќе продолжи како постојан процес насочен кон унапредување на работата и зголемување на позитивното влијание врз животот на ранливите лица и заедниците. Целта е нашите услуги да бидат порелевантни, поквалитетни, подостапни и одржливи, а воедно да придонесуваат кон изградба на поголема отпорност и солидарност во општеството.

Развојните активности ќе бидат насочени кон два главни приоритети:

- Организациски развој – кој опфаќа зајакнување на идентитетот и мандатот на Националното друштво, јасна и долгорочна стратегија, унапредување на моделот на управување и раководење, подобра поврзаност и соработка меѓу различните нивоа на организацијата, како и посилна соработка со надворешната средина. Со тоа, ќе ја унапредуваме нашата способност да предвидуваме промени и да се прилагодуваме на нови предизвици.
- Зајакнување на капацитетите – кое се однесува на подобрување и ширење на постоечките услуги и програми. Тоа значи тие да станат поефикасни, поефективни и поусогласени со нашата мисија. Во ова спаѓа и развивање на нови форми на поддршка за заедниците, унапредување на системите и процедурите во секојдневното работење и вложување во луѓето – волонтери и вработени – кои ја носат организацијата напред.

Во текот на 2026, националното друштво ќе ја гради својата сила преку подобрување на внатрешните процеси и преку зголемување на довербата и видливоста во јавноста. Со тоа ќе обезбедиме поцврста основа за идна работа, ќе дадеме поголема поддршка на ранливите категории и ќе придонесеме за развој на поотпорни и поврзани заедници.

## РЕЗУЛТАТ 1 – Извршување на помошна улога на властите во државата

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| --- | --- |
| • Адвокативност за поголемо препознавање на помошната улога на националното друштво кон властите во државата | • Подготвена иницијатива за надградување на законската регулатива за работата на Црвениот крст<br>• Број на заеднички иницијативи со Владата и ресорни Министерства за спроведување на програмите на Црвениот крст |

| **РЕЗУЛТАТ 2 –** Унапредена ефикасност во работењето на Црвениот крст на РСМ | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Спроведен процес на избори во организацијата | • Успешно спроведен изборен процес на раководни структури на сите нивоа за мандатен период 2026–2030 година |
| • Обука на претставници од раководна структура на ООЦК / ЦКГС | • Број на обучени новоизбрани носители на раководни функции за ефекивно раководење |
| • Обука на претставници од управна структура на ООЦК / ЦКГС | • Број на обучени нови секретари и стручни соработници во ООЦК и освежени знаења на постојни за основни работни процеси и измени во нормативна рамка |

| **РЕЗУЛТАТ 3 –** Поттикнат развој на локални форми на дејствување во Црвениот крст на РСМ | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Рамка за развој на општински организации на Црвен крст | • Подготвен документ „Рамка за развој на ограноци на Црвениот крст“ |
| • Имплементација на БОКА модел за проценка на организациски капацитети на ООЦК | • Спроведена обука за нови 9 БОКА фасилитатори<br>• Спроведени БОКА проценки во 16 ООЦК<br>• Изготвени онлајн решенија за промоција и следење на постигнувања од локални планови за развој на ООЦК |
| • Финансиска поддршка на локални иницијативи на ООЦК / ЦКГС преку Фонд за развој и проекти | • Спроведена обука за 15 лица за подготовка на проектни апликации<br>• Поддржани 15 проектни иницијативи на ООЦК / ЦКГС во 2026 година |

| **РЕЗУЛТАТ 4 –** Зајакнат интегритетот на националното друштво | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Развој на нови и ажурирање на постојни политики кои придонесуваат кон зајакнување на интегритетот на Националното друштво | • Подготвена политика за безбедност на Црвениот крст на РСМ<br>• Подготвена политика за род и инклузија<br>• Број на пријави и одговор на евентуални случаеви на прекршување на интегритетот на националното друштво |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Организациски Развој на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нѐ на:
**vukelic@redcross.org.mk | +389 2 3114–355**

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Ефективно работење како функционална мрежа

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП



Во 2026 година, меѓународната соработка ќе продолжи да биде еден од клучните сегменти на развојот на националното друштво. Преку активна вклученост во Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, како и преку партнерства со други национални друштва, меѓународни организации и институции, ќе обезбедиме размена на искуства, знаења и добри практики кои директно ќе придонесат за зајакнување на нашите капацитети на национално ниво.

Соработката со Меѓународната Федерација на Друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина и со Меѓународниот Комитет на Црвен крст останува основа за координирање на хуманитарниот одговор и зајакнување на нашата улога како дел од светското движење. Истовремено, билатералните партнерствата со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, ќе овозможат поддршка во развојот на специфични програми, размена на експертиза и заеднички иницијативи во програмските и организациските аспекти во работењето како и можности за заедничко аплицирање до меѓународни фондови.




Меѓународната соработка не се сведува само на добивање поддршка, туку и на активно споделување на сопствените искуства и добри практики што националното друштво ги развива во различни области. На тој начин, придонесуваме за јакнење на целото Движење, додека истовремено ја зголемуваме нашата препознатливост и углед на регионално и глобално ниво. Во текот на 2026 година, ќе продолжиме да ги зајакнуваме овие партнерства со цел да обезбедиме посилен меѓународен глас, особено преку работа на мрежата „Соседите помагаат први“ и активно учество за време на статутарните состаноци на Движењето.

**РЕЗУЛТАТ 1 –** Унапредени партнерства на националното друштво во рамките на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| --- | --- |
| • Имплементирање партнерска рамка со Меѓународен комитет на Црвен крст | • Обезбедена институционална поддршка за програмите за дисеминација и воспоставување на семејни врски за 2026 година<br>• Спроведена проценка за рамка за безбеден пристап |
| • Институционална поддршка од Меѓународна Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина | • Број на поддржани проектни програмски активности<br>• Обезбедена стручна поддршка за развој на национални политики и акти согласно донесени заклучоци од статутарни состаноци |
| • Партнерства за билатерална поддршка на проектни иницијативи | • Број на заеднички проекти поддржани од партнерски национални друштва<br>• Број на потпишани меморандуми за разбирање со други национални друштва |
| • Учество во мрежата „Соседите помагаат први“ | • Раководење со Секретаријатот на мрежата „Соседите помагаат први“<br>• Разменети искуства и спроведени активности за поддршка на соседни национални друштва во случај на катастрофи |

**РЕЗУЛТАТ 2 –** Поттикнати локални вмрежувања и твининг програми на ООЦК / ЦКГС

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| --- | --- |
| • Промовирање локални капацитети и воспоставени меѓународни партнерства на ООЦК / ЦКГС | • Број на потпишани договори за соработка на ООЦК / ЦКГС со организации на Црвен крст од други национални друштва |
| • Следење и евалуација на воспоставени локални партнерства и соработки | • Евалуирани вопоставени партнерства на ООЦК / ЦКГС со ограноци на Црвен крст од Норвешка, Италија, Бугарија и Албанија |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**

Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Меѓународна соработка на Црвен крст на РСМ** во 2026 контактирајте нѐ на:

vukelic@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

Креирање на ефикасни услуги според потребите на ранливите категории на население за достоинствен и поквалитетен живот во заедниците



## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Во време на брзи општествени промени и зголемени предизвици за ранливите групи на население, потребен е силен и флексибилен систем на социјална поддршка како основа за стабилност и правичност. Социјалната заштита сè повеќе се гледа како средство не само за ублажување на сиромаштијата, туку и за унапредување на правата, пристапот до услуги и обезбедување достоинствен живот за сите. Црвениот крст на РСМ, како доверлив партнер на институциите и заедницата, во 2026 година продолжува со унапредување на социјално хуманитарните програми насочени кон градење посилни и поотпорни заедници. Со воспоставување и проширување на социјалните услуги како одговор на реалните потреби на граѓаните, организацијата активно придонесува кон намалување на социјалната нееднаквост и подобрување на квалитетот на живот на најранливото население.

Фокусот во 2026 година ќе биде насочен кон подобрување на социјалната инклузија на старите лица, лицата со попреченост, невработените и други маргинализирани групи преку зголемување на бројот и достапноста на социјалните услуги. Црвениот крст продолжува со реализација на обуки за лични асистенти и негуватели, со цел долгорочно невработени лица да стекнат квалификации и да бидат вклучени во системот за грижа, како и ангажирање преку ООЦК и ЦКГ Скопје. Постојаниот развој на услуги за стари лица и лица со попреченост останува клучен приоритет. Особено внимание ќе се посвети на новата услуга – обуки за неформални негуватели, кои имаат за цел да ги поддржат членовите на семејствата кои се грижат за своите најблиски со цел да се обезбеди поголема сигурност и квалитет на домашната нега.

Продолжуваме со развој на иновативни услуги како санитетскиот транспорт и „Итно копче“, кои се од особена важност за подобрување на безбедноста и квалитетот на живот на старите и немоќни лица, овозможувајќи им поголема независност и сигурност во секојдневниот живот. Дигитализацијата на услугите ќе биде дополнително унапредена

преку веб-платформа која овозможува лесен пристап до информации за достапните услуги, како и јасни упатства за користење на истите. Ова е особено важно за лицата кои живеат во рурални, дигитално изолирани или социјално маргинализирани средини, каде пристапот до информации е ограничен.

Соочени со порастот на семејното насилство во земјата, Црвениот крст на РСМ ќе даде придонес во превенција, поддршка и заштита на најранливите. Ќе се работи на јакнење на капацитетите на заедницата, зголемување на свеста и создавање на поотпорна средина која активно реагира на ваквите појави и ги штити своите членови. Во насока на унапредување на економската инклузија и одржливоста на социјалните услуги, Црвениот крст ќе го развива и социјалното претприемништво како модел кој овозможува работно ангажирање на ранливи категории и создавање извори на финансиска самодржливост. Овој пристап ќе помогне во јакнењето на капацитетите на заедницата и ќе придонесе за долгорочно решавање на социјалните предизвици преку економски активни и одржливи проекти.

**РЕЗУЛТАТ 1 – Унапредена социјална вклученост и култура на ненасилство и мир**

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Активности за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, со кои ќе се опфатат бездомни лица, како и други ранливи лица во социјален ризик | • Опфатени 170 бездомници и лица во социјален ризик со активности за јакнење на нивните капацитети за отпорност на сиромаштија и социјална исклученост |
| • Креативни и едукативни работилници за деца со попреченост и деца во згрижувачки семејства | • Опфатени 320 деца со попреченост и деца во згрижувачки семејства со активности за подобрување на нивната социјализација преку ЦКГС и 7 ООЦК |
| • Поддршка на родителите за секое новородено бебе во Недела на Црвен крст | • Дистрибуирани 350 бебешки пакети |
| • Работилници за врсничка едукација за превенција од трговија со луѓе | • Одржани 34 работилници преку ООЦК и ЦКГС за превенција од трговија со луѓе<br>• Опфатени над 1.500 млади од основни и средни училишта |
| • Активности за подигање на јавната свест за борба против сиромаштијата и гладта | • Спроведени 2 акции за мобилизирање на ресурси за поддршка на ранливо население преку ЦКГС и 33 ООЦК во рамки на Неделата на солидарност и Неделата на борба против гладта |
| • Активности за подигање на јавната свест за потребната поддршка и социјална вклученост на постарите граѓани<br>• Мобилизација на локалната заедница за меѓусебна помош на ранливите лица, особено постарите и изолираните лица | • Спроведени активности за активно и здраво стареење во рамки на одбележување на Меѓународниот ден и Недела на грижа за старите лица во 33 ООЦК и ЦКГС |

| **РЕЗУЛТАТ 2** – Зајакнати капацитети за имплементација на социјално – хуманитарни и екомонски активности | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Креирање на нова програма за обука на возрасни за негувател за помош и нега на стари лица<br>• Спроведен процес на верификација на новата програма | • Верификувана програма за обука на негуватели за помош и нега на стари лица од страна на Центарот за образование на возрасните |
| • Креирање на нова програма за обука на возрасни за личен асистент на лица со попреченост<br>• Спроведен процес на верификација на новата програма | • Верификувана програма за обука на личен асистент на лица со попреченост од страна на Центарот за образование на возрасните |
| • Обуки за неформални негуватели – едукација на членови на семејства или други блиски лица кои се грижат за стари и изнемоштени лица во нивните домови | • Промовирана нова обука за неформални негуватели во јавноста<br>• Одржани 20 обуки и едуцирани над 200 граѓани |
| • Обуки за негуватели за помош и нега на стари лица – обуката овозможува квалификација или преквалификација на невработени лица, и стекнување на државно признат сертификат за негувател за помош и нега на стари лица | • Обучени 80 негуватели за помош и нега на стари лица |
| • Обуки за лични асистенти за лица со попреченост – обуката овозможува квалификација или преквалификација на невработени лица, и стекнување на државно признат сертификат за личен асистент на лица со попреченост | • Обучени 50 лични асистенти за лица со попреченост |
| • Креирање нова програма за превенција од трговија со луѓе со опфаќање на млада популација и воспитен кадар од предучилишно образование | • Изработена програма и материјали неопходни за спроведување на работилници со млада популација и воспитен кадар од предучилишно образование |
| • Работилница за едукација на волонтери за спроведување на превентивни активности во предучилишни институции | • Едуцирани 16 волонтери за спроведување на превентивни активности во предучилишни институции (градинки) |
| • Работилница за едукација на волонтери за унапредување на дигитални вештини кај постари лица | • Едуцирани 24 волонтери за менторство за стекнување вештини за дигитална писменост на старите лица |

| | |
|---|---|
| • Работилници за едукација на едукатори за превенција од  семејно и родово базирано насилство | • Одржана една работилница за едукација на едукатори<br>• Обучени 18 едукатори од ЦКГС и ООЦК<br>• Подготвени насоки за дисеминација на информации стекнати преку едукацијата |
| • Имплементација на стратешки план за развој на економски активности за социјални цели во националното друштво | • Одржана работилница со претставници на ООЦК и ЦКГС за претставување на стратешкиот план за развој на економски активности за социјални цели<br>• Подготвени насоки за имплементација на планот на локално ниво |

**РЕЗУЛТАТ 3 –** Зголемен пристап до социјални услуги за поддршка на ранливо население

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Испорака на социјална услуга помош и нега во домот преку ООЦК и ЦКГС | • Испорачани услуги за нега во домот преку ЦКГС и 21 ООЦК<br>• Ангажирани над 400 негуватели<br>• Опфатени над 1.300 корисници |
| • Испорака на социјална услуга личната асистенција на лицата со попреченост преку ООЦК и ЦКГС | • Испорачани се услуги за лична асистенција на лица со попреченост преку ЦКГС и 15 ООЦК<br>• Ангажирани 4.000 лични асистенти<br>• Опфатени над 800 корисници |
| • Испорака на услуга санитетски транспорт за граѓани кои не се во животозагрозувачка состојба | • Испорачана услуга – санитетески транспорт преку ЦКГС<br>• Опфатени 1.000 корисници |
| • Испорака на услуга „Итно копче“ – помош за стари лица и лица со попреченост | • Испорачана услуга – Итно копче преку ЦКГС<br>• Опфатени над 110 корисници |
| • Активности за активно и здраво стареење спроведени преку Дневните центри на ЦКГС и ООЦК | • Испорачана услуга за активно и здраво стареење преку ЦКГС и 6 ООЦК<br>• Опфатени над 300 лица во трето доба |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите на **Социјално–Хуманитарните Програми на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
petkovska@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# ХУМАНИТАРНА АСИСТЕНЦИЈА НА ЛИЦА ВО ДВИЖЕЊЕ

Хуманитарна асистенција на лица во движење во РСМ

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Националната програма за помош и поддршка на бегалци и мигранти во 2026 година ќе продолжи со имплементација на активности насочени кон хуманитарна асистенција и активности за намалување на ранливоста на лицата во движење.

Посебен акцент во 2026 година ќе биде ставен на јакнењето на институционалните и организациски капацитети на националното друштво, како и на развивање и унапредување на меѓуинституционална соработка со релевантни чинители во рамки на националниот систем за управување со кризи.

Посебен акцент во активностите ќе биде ставена на ефикасно обезбедување на поддршка за воспоставување и одржување на семејни врски преку Службата за барање на ЦКРСМ, како и поддршка на процесите за семејно обединување, заедно со обезбедување психо-социјална поддршка и примарна медицинска помош за задржаните лица – странци во рамки на Центарот за странци – Скопје. Дополнително, програмата ќе обезбедува и хуманитарна поддршка за граѓаните од Украина, како и поддршка за интеграција на лицата под субсидијарна заштита во Република Северна Македонија.



**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Хуманитарна асистенција на лица во движење на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нѐ на:
skopje.lipkovo@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

| **РЕЗУЛТАТ 1 –** Обезбедени соодветни потреби за хуманитарна асистенција на лица во движење (институционално регистрирани), како и хуманитарна асистенција на т.н. ирегуларни мигранти | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Обезбедување на хуманитарна асистенција за лица во движење привремено сместени и згрижени во ПТЦ Винојуг и ТЦ Табановце | • Обезбедени потреби за хуманитарна асистенција на 1.650 лица во движење |
| • Хуманитарна асистенција за лица во движење по должина на северната граница преку Хуманитарно–сервисната точка во с. Лојане, општина Липково | • Обезбедни потреби на 7.000 лица во движење преку Хуманитарно-сервисната точка во Лојане |
| • Дистрибуција на прехрамбени и непрехрамбени производи и промоција на хигиена во транзитните центри и лица во движење по должина на северната граница на РСМ | • Обезбеден непречен пристап до прехрамбени и непрехрамбени производи и промоција на хигиена за лицата сместени во транзитните центри и лица во движење по должина на северната граница |
| • Укажување на прва помош во амбулантите на ЦКРСМ во транзитните центри, како и спроведување на систем на упатување до Министерство за здравство за секундарна здравствена нега, транспорти во/од Општа Болница Гевгелија/Куманово<br>• Спроведување на локални активности во рамки на ХСТ – Лојане | • На најмалку 1.500 лица им е укажана прва помош, а преку системот за упатување е обезбеден пристап до секундарна здравствена нега и болнички третман<br>• Подигната еколошката свест преку заеднички активности за намалување на ризици од катастрофи за локалното население во с. Лојане |
| • Спроведување на активности во основните и средни училишта во с. Лојане во рамки на одбележување на традиционалните календарски активности на ЦКРСМ | • Одржани едукативни сесии во на основните и средни училишта во Општина Липково за заштита на јавното здравје во услови на мешан миграциски бран |
| • Примарна здравствена заштита и психо–социјална поддршка за лица привремено задржани во Центарот за странци – Скопје | • Обезбедена примарна здравствена заштита и психо-социјална поддршка за 600 лица привремено задржани во Центарот за странци – Скопје |
| • Пристап до Службата за барање на ЦКРСМ и воспоставување на семејни врски | • На најмалку 100 лица ќе им биде овозможен пристап до Службата за барање и поддршка за воспоставување на семејни врски |
| • Психо-социјална поддршка за лица во движење и волонтери на ЦКРСМ | • Обезбедена психо-социјална поддршка за најмалку 1.000 лица во движење и 30 ангажирани лица на ЦКРСМ, преку одржани групни и индивидуални сесии за ПСП во ТЦ Табановце и ПТЦ Винојуг |

**РЕЗУЛТАТ 2 –** Обезбедена хуманитарна помош за лицата од Украина со престој во РСМ преку здравствени активности, психо-социјална поддршка и олеснет процесот на социјализација и интеграција

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Дистрибуција на ваучери за облека, и обувки за лица од Украина | • Број на дистрибуирани и искористени ваучери |
| • Организирани часови за изучување на македонскиот јазик | • Број на лица кои ги посетуваат часовите и покажани резултати како предуслов за полесна интеграција во општеството |
| • Едукација на деца и млади за правилно користење на дигиталните алатки (Гејминг хаб) | • Број на млади лица кои преку иновативниот пристап и едукативната компонента учествуваат во дигитални и рекреативни активности и стекнале нови вештини и знаења |
| • Реализација на вонучилишни активности и активности за социјализација на деца | • Олеснет процес на социјализација и интеграција на најмалку 30 деца од украински семејства |
| • Соработка со Министерството за образование за олеснување на признавањето на странски дипломи, како и со потенцијалните работодавачи | • Олеснет пристап до работа за целна категорија |
| • Олеснет пристап до здравствени сервиси | • Олеснет и овозможен пристап до здравствени услуги на најмалку 50 лица од Украина кои се наоѓаат во состојба на ранливост |
| • Психо-социјална поддршка | • Сесии и опфат на лица кои имаат потреба од ПСП |
| • Комуникација со заедницата | • Воспоставување на двонасочен канал на комуникација, следење и повратен одговор на потребите на лицата |

**РЕЗУЛТАТ 3 –** Интегрирани лица под меѓународна заштита во заедниците и градење независен живот во новата средина

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Дистрибуција на ваучери за облека, и обувки за лица во движење | • Број на дистрибуирани и искористени ваучери за облека и обувки на лица во движење |
| • Организирани часови за изучување на македонскиот јазик | • Број на лица кои ги посетуваат часовите и покажани резултати како предуслов за полесна интеграција во општеството |

| | |
|---|---|
| • Едукација на деца и поддршка во образовни потреби | • Број на деца кои посетуваат часови за полесно совладување на училишниот материјал и унапредување на образовни потреби |
| • Активности за социјализација, зголемување на вработливоста и олеснување на пристап до институции со поддршка на културни медијатори | • Олеснет процес на социјализација, пристап до услуги, поддршка во административни постапки и интеграција на најмалку 8 лица под меѓународна заштита |
| • Координативни состаноци и со МСПДМ за унапредување на програмата за интеграција | • Број на лица на кои им е олеснет пристапот до правата од системот на социјална и здравствена заштита |
| • Активности за олеснување на пристапот до здравствени услуги | • Олеснет и овозможен пристап до здравствени услуги на најмалку 8 лица под меѓународна заштита кои се наоѓаат во состојба на ранливост |
| • Психо-социјална поддршка | • Сесии и опфат на лица кои имаат потреба од ПСП |
| • Комуникација со заедницата | • Воспоставен двонасочен канал на комуникација, следење и повратен одговор на потребите на лицата |



# ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ

Справување со растечки предизвици на полето на подготвеност и одговор при катастрофи



## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

За да одговори на предизвиците поврзани со подготвеноста и дејствувањето при катастрофи, Црвениот крст на РСМ се афирмира како релевантна и препознатлива институција, како на национално, така и на меѓународно ниво. Секоја нова криза или катастрофа дополнително ја истакнува потребата од континуирана надградба на постојните капацитети, како и од воведување нови пристапи и решенија, со цел задоволување на реалните и зголемени потреби на населението. Овој адаптивен пристап овозможува одржлив развој на организацијата, особено во доменот на подготовка и навремен одговор при кризни состојби. Потребата за развој на оваа дејност произлегува од обврската на Црвениот крст на РСМ да обезбеди адекватен одговор на безбедносните, хуманитарните и социјалните предизвици во државата и регионот.

Развојот на активностите се интензивираше како одговор на сериозни настани и кризи во изминатите години. Црвениот крст на РСМ активно се вклучува при природни и технолошки катастрофи, како што се: земјотреси, поплави, пожари, снежни невремиња, лавини, лизгање на земјиште, сообраќајни несреќи и други инциденти. Во такви ситуации, вработените и волонтерите на организацијата обезбедуваат брза и ефикасна поддршка. Со ваквиот континуиран ангажман, Црвениот крст на РСМ, како организација со длабоки корени и силна поврзаност со Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, ја насочува својата мисија кон обезбедување помош и услуги за најранливото население погодено од катастрофи.

Организацијата во своето работење се води според принципите на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Законот за Црвениот крст, како и договорите за соработка со Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, и единиците на локалната самоуправа. Во 2026 година, Црвениот крст на РСМ ќе има клучна улога во хуманитарниот одговор, управувањето со ризици и справувањето со последиците од катастрофи.

Со оглед на современите предизвици, кои се карактеризираат со зголемена фреквенција, интензитет и разновидност на катастрофи, потребно е дополнително зајакнување на капацитетите на организацијата. Ова ќе се реализира преку реорганизација на системот за подготвеност и одговор при катастрофи, јакнење на Националната единица за одговор, подобрување на капацитетите на општинските единици, кои ќе бидат оспособени да реагираат брзо и ефикасно, како на национално, така и на локално ниво.



Со оглед на динамичната природа на современите ризици, како што се климатските промени, миграциите и технолошките катастрофи, програмата за подготвеност и одговор ќе се насочи кон подготовка и оперативна функционалност на Националната единица за одговор, обезбедување модерна технологија, стручност и ресурси, и способност за обезбедување одговор во првите 48 часа од катастрофа.

Дополнително, тимовите за одговор при општинските организации и ЦКГ Скопје ќе се вклучуваат по потреба, во согласност со природата и обемот на настанот. Покрај итниот одговор, тимовите ќе имаат фокус и на превентивни активности, едукација на заедниците и развивање на стратегии за намалување на ризици.

Преку ваков сеопфатен пристап, Црвениот крст на РСМ ќе може значително да ги унапреди своите капацитети за брза, координирана и ефикасна реакција, обезбедувајќи помош за најранливите групи во услови на катастрофи. Ова ќе ѝ овозможи на организацијата да ја продолжи својата клучна улога во националниот и глобалниот хуманитарен одговор.

| **РЕЗУЛТАТ 1** – Унапредени капацитети на национално друштво за адаптација и справување со здравствени последици предизвикани од климатските промени | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Изработка на прирачник – упатство за тимови за одговор при катастрофи, согласно правилникот на ИФРЦ | • Изработен прирачник |
| • Реализација на обука за НИЕ и тимови за одговор при катастрофи | • Оспособени 35 вработени и волонтери |

| **РЕЗУЛТАТ 2** – Справување со растечки предизвици на полето на подготвеност и одговор при катастрофи | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Подготовка на правилник за функционирање на Центарот за подготвеност и одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ | • Усвоен Правилник од РО на ЦКРСМ |
| • Реструктуирање на програмата за подготвеност и одговор при катастрофи | • Подготвен Правилник за работа на Програмата за подготвеност и одговор при катастрофи |
| • Организирање на обука за Националната интерветна единица | • Спроведени 3 обуки<br>• Организирани 2 симулациски вежби |
| • Организирање на обука за тимовите за одговор на ООЦК / ЦКГС | • Спроведени 33 обуки<br>• Организирани 33 симулациски вежби<br>• Организирани 6 регионални симулациски вежби |

| **РЕЗУЛТАТ 3** – Адаптација на климатски промени | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Подготовка и спроведување на едукативна кампања за намалување на ризици од катастрофи (климатски промени) | • Оспособени 33 претставници од клубовите на млади<br>• Спроведена дисеминација за адаптација на климатски промени во 66 основни училишта во РСМ |

Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Подготвеност и одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ** во 2026 контактирајте нè на:
gudachi@redcross.org.mk | 02 3114–355

# МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И ПСИХО–СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

Унапредување на услугите за ментално здравје преку превенција, рана интервенција и достапна поддршка во заедницата




## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Во последните години, менталното здравје сè повеќе се препознава како клучен сегмент на целокупното здравје и благосостојба. Социо–економските предизвици, кризите од различна природа, брзите промени во животниот стил и секојдневниот притисок оставаат сериозни последици врз менталното здравје на населението. Сè почесто се јавуваат анксиозност, депресија, стрес и чувство на изолација, особено кај младите, повозрасните лица и маргинализираните групи. Истовремено, стигмата и ограничениот пристап до стручни услуги претставуваат пречки за навремено добивање соодветна поддршка.

Во 2026 година, Црвениот крст на РСМ ќе продолжи посветено да ја развива и унапредува програмата за ментално здравје и психо–социјална поддршка. Во духот на Трансформација–28, ќе се стремиме да создадеме отворени, достапни и иновативни модели на поддршка за сите заедници. Ќе го прошириме спектарот на услуги преку превентивни активности, психо–едукативни работилници и кампањи за намалување на стигмата, а ќе работиме и на воведување механизми за рана интервенција и препознавање на ризиците. Посебен фокус ќе биде ставен на развојот и јакнењето на двата Центри за ментално здравје и психо–социјална поддршка – во Скопје и во Кочани. Регионалниот центар во Кочани добива особено значење поради трагичниот пожар што остави длабоки трауми во заедницата и одзеде повеќе животи, вклучително и деца. Нашата цел е овие центри да обезбедат сигурен простор за психо-социјална помош, советување и рехабилитација, каде луѓето ќе можат да добијат навремена и професионална поддршка во услови на криза, но и во секојдневниот живот.

Ќе продолжиме да инвестираме во изградба на капацитети преку обука на волонтери и стручни кадри кои ќе можат да обезбедат психо-социјална поддршка на локално ниво и навремено да упатуваат лица кон соодветни здравствени институции. Особено внимание ќе се посвети на создавање достапни форми на поддршка, како што се индивидуални советувања, групи за поддршка итн. Ќе промовираме инклузивност и ќе работиме на овозможување еднаков пристап до услуги за ранливите категории – лица со попреченост, возрасни лица, млади, мигранти и преживеани на насилство. Во 2026 ќе бидат спроведени 12 групни сесии за поддршка и 12 индивидуални сесии за вработените и волонтерите. Овие активности ќе овозможат зајакнување на тимската кохезија, подобрување на психосоцијалната благосостојба и развој на индивидуални стратегии за справување со предизвици. Посебен акцент ќе се стави на партнерствата со здравствени институции, образовни установи, локални самоуправи и приватниот сектор за да се создадат долгорочни и одржливи решенија за менталното здравје.

**РЕЗУЛТАТ 1** – Унапредени и достапни услуги за ментално здравје преку развој на Центрите во Скопје и Кочани

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Јакнење на Центарот во Скопје со дополнителни капацитети за психо–социјална поддршка | • Опфатени над 1.500 лица<br>• Реализирани 12 обуки за вработени и волонтери<br>• Обезбедени 12 групни поддршки за вработени и волонтери<br>• Спроведени 12 индивидуални сесии за поддршка за вработени и волонтери<br>• Организирани над 50 психо–социјални активности и групни сесии<br>• организирани 4 превентивни и едукативни настани во локални заедници<br>• Воспоставени минимум 2 партнерства со други институции (школи, здруженија, здравствени установи) |
| • Функционализирање на Регионалниот центар за ментално здравје во Кочани | • Опфатени над 500 корисници во Регионалниот центар во Кочани<br>• Обезбедени различни видови услуги обезбедени: (индивидуално и групно советување, семејно советување, програми за превенција)<br>• Организирани 5 обуки за вработени и волонтери |

**РЕЗУЛТАТ 2** – Зголемена свест и превенција

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Организирање на психо–едукативни работилници и кампањи за ментално здравје | • Организирани 10 психо–едукативни работилници<br>• Спроведена  кампања за подигнување на свеста за ментално здравје |
| • Промоција на психо–социјална резилиентност преку училишта, локални организации и медиуми | • Реализирани 5 активности за промоција на психо–социјална резилиентност (работилници, предавања, онлајн кампањи)<br>• 5 училишта и локални организации вклучени во активностите<br>• 12 публикации / медиумски објави (вклучително радио, ТВ, интернет) за подигање на свеста |

**РЕЗУЛТАТ 3 –** Јакнење на капацитетите за рана интервенција и психо-социјална поддршка

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Обука на волонтери и вработени за прва психолошка помош | • Обезбедена обука за 50 волонтери и вработени |
| • Организирање редовни обуки и напредни тренинзи за националниот тим за психо-социјална помош, кризни интервенции и ментално здравје | • Организирани 5 напредни тренинзи<br>• Опфатени 50 членови на националниот тим со обуки |
| • Подготовка на материјали и упатства за рана интервенција кои можат да се користат од сите тимови низ земјата | • Подготвени и објавени 3 упатства / материјали<br>• Обезбедена поддршка за 15 тимови при теренски интервенции |



**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Ментално здравје и Психо-социјална поддршка на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
ramadani@redcross.org.mk | psc@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Климатски промени како предизвик за здравјето на населението

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП



Северна Македонија е земја со специфична географска положба каде што се преплетуваат медитерански и континентални климатски влијанија. Оваа разновидност, заедно со глобалното затоплување и зголемената нестабилност на времето, ја прави државата особено изложена на последиците од климатски промени. Во изминатите години веќе се соочуваме со појава на суши, поплави, топлотни и студени бранови, како и силни бури, а ваквите екстреми се очекува да станат уште почести и поинтензивни. Се предвидува значително покачување на температурите и намалување на водните ресурси, што ќе има сериозни импликации врз јавното здравје и квалитетот на живот на населението.

Климатските ризици се тесно поврзани со здравствените предизвици – од зголемување на хроничните и сезонските заболувања, до појава на заразни заболувања предизвикани од контаминирана храна и вода. Црвениот крст на РСМ ја препознава потребата за координиран и систематски пристап во справувањето со овие предизвици

Активно учествуваме во националните тела за климатски промени и здравје, работиме на подигање на јавната свест, промоција на здрави навики и зајакнување на капацитетите за адаптација и навремен одговор при екстремни временски услови. Во 2026 година, особено внимание ќе посветиме на заштита на здравјето на населението преку превентивни активности, едукација и воведување на мерки за справување со здравствените последици предизвикани од климатските промени.

Со воспоставување на центар за адаптација на климатски промени и здравје во партнерство со домашни и меѓународни институции, ќе обезбедиме подобра подготвеност за идентификување, следење и управување со климатските ризици. Преку заеднички истражувања и практични решенија ќе придонесеме кон поотпорно и здраво општество, подготвено да одговори на идните предизвици предизвикани од променливата клима.

| **РЕЗУЛТАТ 1 –** Унапредени капацитети на национално друштво за адаптација и справување со здравствени последици предизвикани од климатските промени | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Воспоставување на центар за адаптирање кон климатски промени и здравје | • Изработен елаборат за воспоставување на центар за адаптирање кон климатски промени и здравје<br>• Изработен правилник за работа на центар за адаптирање кон климатски промени и здравје |
| • Организирање на состаноци и работилници со релевантни чинители во државата за обезбедување на поефикасен одговор во адаптација и справувањето со здравствени последици предизвикани од климатските промени | • Унапредена соработка и партнерства со релевантни институции кои работат на полето на климатски промени, обезбеден поефикасен одговор во справувањето со климатските промени |
| • Подготовка на план за рана акција и дејствување за заштита на здравјето на населението од топлотните бранови | • Унапредена подготвеност на националното друштво за ран одговор и дејствување при топлотни бранови<br>• Подигната јавна свест на населението за заштитата на здравјето од климатски промени |

| **РЕЗУЛТАТ 2 –** Обезбедена поддршка на државата во намалување и ублажување на ризици и последици од климатски промени | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Подигнување на свеста и заштита на здравјето на населението од здравствени последици предизвикани од топлотни бранови | • Спроведени 50 информативни работилници наменети на ранливо население за превенција на здравствени последици предизвикани од топлотни бранови со опфат на 450 лица<br>• Обезбедени мобилни тимови во 33 ООЦК и ЦКГС за укажување на прва помош и мерење на крвен притисок на фреквентни локации за време на топлотни бранови<br>• Поделени 5.000 шишиња со вода, 8.000 флаери и едукативен материјал за превенција на здравјето на населението од топлотни бранови<br>• Превенција на здравствени последици предизвикани од топлотни бранови кај ранливо населени |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите на **Климатски промени на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нѐ на:
zdravstvo@redcross.org.mk | gudachi@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Развивање и одржување на здравствено превентивни сервиси и програми



## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Здравјето на населението во Северна Македонија сè повеќе е под влијание на различни акутни и хронични заболувања, кои оставаат длабоки последици врз поединците и заедницата. Кардиоваскуларните болести, малигните заболувања, респираторните состојби и други здравствени проблеми претставуваат водечки причини за смртност и нарушен квалитет на живот во државата.

Дополнителна закана претставуваат ризик фактори како што се висок крвен притисок, неправилна исхрана, седечки начин на живот, алкохол, пушење, загадување на животната средина и прекумерна телесна тежина, кои придонесуваат за пораст на хроничните незаразни болести.

Во текот на 2026 година, Црвениот крст ќе ја засили својата улога во јакнење на превентивните механизми за заштита на здравјето на населението. Активностите ќе бидат во насочени кон развивање на системски пристап за промоција на намалување на ризик–факторите и поттикнување на заедницата кон активно учество во превенција на заразни и незаразни заболувања. Преку унапредување на здравствено превентивните програми ќе придонесеме кон промоција на здрави животни навики превенција и рана детекција на заболувања, како и јакнење на капацитетите на заедниците да одговорат на современите здравствени предизвици.

Посебен акцент ќе ставиме на најранливите групи на население во општеството, кај кои недостигот на информации и пристап до здравствени услуги го зголемува ризикот од заразни и незаразни заболување. Преку соработка со релевантни институции и локални партнери, ќе се создаваат одржливи модели кои ќе придонесат за долгорочна заштита и унапредување на јавното здравје.

**РЕЗУЛТАТ 1 –** Одржување на ниска преваленца на хронични заразни и незаразни заболувања

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Одбележување на традиционални недели и денови за здравствено превентивна дејност | • Подигната свест на општата популација за превенција на хронични заразни и незаразни заболувања (кардиоваскуларни заболувања, рак, ХИВ/СИДА, туберкулоза и сл.)<br>• Минимум 580 едукативни работилници за 7.000 лица за рано препознавање и превенција на хронични заболувања |
| • Поддршка на Министерство за здравство во превенција на ХИВ / СИДА за лица кои инјектираат дрога во Прилеп, Велес и Кичево | • Дистрибуирана стерилна опрема за инјектирање, медицински материјали, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали на минимум 460 лица кои инјектираат дрога на територија на град Прилеп, Велес и Кичево |
| • Поддршка на Министерството за здравство и Македонската асоцијација на гинеколози и опстетичари во спроведување на гинеколошки прегледи на жени кои живеат во рурални средини во државата | • Обезбеден скрининг на рак на грло на матка на минимум 250 жени во рурални средини<br>• Подигната јавна свест за рана дијагностика и превенција на цервикален канцер кај ранливи категорија на жени во рурални средини |







**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**

Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за **Здравствено-Превентивните Програми на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:

zdravstvo@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# ПРВА ПОМОШ

Воведување на нови и зајакнување на постоечките програмски активности по прва помош

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП



Првата помош претставува клучен чекор во спасувањето на човечки животи и превенција на последици и повреди предизвикани од несреќи и итни состојби. Недостигот на навремена интервенција секојдневно резултира со непотребни загуби, кои би можеле значително да се намалат доколку граѓаните имаат основни знаења и практични вештини за укажување прва помош. Едукацијата по прва помош и подигнувањето на свеста за нејзината важност се неопходни за да се создаде општество подготвено да се справи со итни состојби.

Црвениот крст на РСМ има долгогодишно искуство во подобрување на пристапот до квалитетна едукација по прва помош согласно најновите насоки од Глобалниот референтен центар по прва помош. Црвениот крст на РСМ постојано ги унапредува своите програми, обезбедува современи обуки и создава нови можности за различни целни групи на население. Со тоа се овозможува не само брза реакција во итни ситуации, туку и градење на мрежа на обучени лица кои можат да придонесат за зголемена безбедност во заедницата.

Истражувањата укажуваат на значителен недостиг на тимови за итна медицинска помош во земјата, што ја прави улогата на дополнителните ресурси и мобилни тимови уште поважна. Црвениот крст располага со обучени тимови по прва помош кои се подготвени за дејствување при итни и кризни состојби во обезбедување на поддршка на службите за итна медицинска помош и Министерството за здравство. Во текот на оваа година ќе се насочиме и кон едукација по прва помош на претставници на инститициите за кризен менаџмент кои се директно вклучени во справување со итни и кризни состојби.

Особено внимание ќе посветиме на подигнување на свеста и едукација на младата популација преку организирање на обуки по прва помош, натпревари и останати активности по прва помош во образовните институции. Во текот на 2026 година, ќе биде активиран Стручниот центар за прва помош, кој ќе развива политики, едукативни материјали и современи наставни содржини. Амбицијата е овој центар да прерасне во референтна институција на национално ниво, која ќе обезбедува стандарди, лиценцирани програми и поддршка на институциите одговорни за справување со итни и кризни состојби.

| **РЕЗУЛТАТ 1** – Унапредени капацитети на национално друштво во областа на прва помош | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Развој и започнување со работа на Стручениот центар по прва помош | • Остварена соработка и воспоставени партнерства со локални и меѓународни институции од областа на прва помош<br>• Изработени нови програми за обуки по прва помош за различни целни групи |
| • Организирање на обуки за нови предавачи и демонстратори за курсевите по прва помош | • Спроведени минимум 3 обуки, едуцирани минимум 45 кандидати |
| • Организирање на освежителни обуки по прва помош за релиценцирање на предавачи и демонстратори по прва помош | • Спроведени минимум 2 обуки, релиценцирани минимум 35 предавачи и демонстратори |

| **РЕЗУЛТАТ 2** – Подигната свест и зајакнати капацитети на заедницата за укажување на прва помош | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Оранизирање на обуки по прва помош за претставници на институции од кризен менаџмент | • Спроведени минимум 15 обуки по прва помош за претставници од противпожарна служба, полиција, ДЗС и др. институции |
| • Одбележување на Светскиот ден на прва помош | • Одбележан Светскиот ден на прва помош опфатени над 35.000 лица |
| • Организирање на натпревари по прва помош | • Организиран општински, градски, регионални  и државен натпревар по прва помош – 33 ООЦК и ЦКГС |
| • Спроведување на курсеви по прва помош за возачи, работни организации и пловни објекти | • Реализирани над 2.000 курсеви по прва помош за возачи, работни организации и пловни објекти. Обучени над 27.000 кандидати |
| • Оранизирање на обуки по прва помош за наставен кадар  и ученици во образовни институции | • Спроведени минимум 30 обуки по прва помош за наставен кадар и ученици во основни, средни училишта и високо образовни институции |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Прва Помош на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
zdravstvo@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# КРВОДАРИТЕЛСТВО

Воспоставен нов концепт за мотивација за доброволно крводарителство



## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Крводарителството преставува симбол на одговорност, грижа за заедницата и симбол на хуманоста. Во време кога се се движи брзо и технологијата го диктира текот, крвта сеуште останува незаменлив лек, кој се добива исклучиво од добрата волја на луѓето, крводарители, кои хумано, доброволно, анонимно и бесплатно, даваат дел од себе, со една единствена цел, да помогнат некому. Со цел задоволување на потребите на службите на трансфузиона медицина за лекување на пациентите ширум државата, како и превенирање на недостаток на крв, Црвениот крст на РСМ контиунирано реализира здравствено–воспитна и мотивациска работа кај населението, како и непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини, изготвува информативен материјал, врши програмирање и евидентирање на крводарителските акции, а воедно и организира едукативни форми на обука за мотиватори за доброволно крводарителство.

Во насока на обезбедување на потребните количества крв и крвни компоненти, ќе работиме на промовирање на хуманите аспекти на значењето на крводарителството, наспроти промовирање бенифиции, како и промовирање на придобивките од доброволното дарување крв. Ќе вложуваме во едукација на нови мотиватори, преку нови форми на едукација, со цел поттикнување и мотивирање на поголем број на дарители. Со цел да ги надминеме предизвиците, ќе креирираме заеднички идејни решенија, прифатливи и адаптирани на локалните средини. Посебен акцент ќе ставиме во креирање на нови средини за дарување на крв, преку мобилизирање на обучени мотиватори за дарување на крв, како и едукација и мотивирање на населението. Ќе инвестираме во едукација и промоција на хуманите вредности кај младата популација, учениците од средните училиште и студентите, како потенцијални прводарители, со цел нивно мотивирање за дарување на крв.

Со реализација на заедничките работилници, во соработка со ООЦК и ИТМ, ќе работиме на поттикнување и мотивирање на заедниците, кај кои е евидентиран помал интерес за дарување. Особен акцент ќе посветиме во присутност на социјалните мрежи, со цел промовирање и мотивирање на луѓето за доброволно дарување на крв, како и креирање на нови дигитални апликации и софтверски решенија, за поголема, побрза и полесна достапност на информациите за крводарителство во нашата земја. Како национално друштво ќе работиме и вложуваме во насока на доближување на крводарителството до секој дарител, во неговата локална средина, со цел зголемување и јакнење на постоечката мрежа на дарители.

**РЕЗУЛТАТ 1 –** Зголемен е бројот на крводарители и подигната е свеста кај населението за доброволното крводарителство

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Организирање крводарителски акции на територија на РСМ | • Организирани околу 800 крводарителски акции<br>• Реализирани редовни средби со ИТМ<br>• Обезбедени 60.000 единици крв |
| • Активности за информирање и мобилизирање крводарители | • Воспоставени нови соработки и креирани нови бази за дарување на крв<br>• Подготвени  и споделени тековни информативни материјали во медиумите за мобилизација на крводарители и промоција на крводарителството во РСМ<br>• Реализирано неделно информирање за тековни крводарителски акции<br>• Спроведена медиумска кампања за придобивките од дарување крв<br>• Креирање на нови материјали за промоција на доброволното дарување на крв<br>• Реализирани 2 масовни промотивни крводарителски акции, на фреквентни локации во текот на летниот период |

**РЕЗУЛТАТ 2 –** Унапредени мотивациски аспекти и промовирани нови форми за врсничка едукација кај младата популација

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Одржување на две работилници за едукација на мотиватори за доброволно крводарителство во недоволно развиени средини<br>• Одржување на две работилници со ООЦК за утврдување и надминување на предизвици во реализацијата на програмата<br>• Активности за креирање на нови бази за дарување на крв | • Подигната е свеста и зголемен е степенот на мотивираност во општествените средини во кои крводарителството не било доволно застапено<br>• Воспоставена мотивациската рамка за доброволно крводарителство и обучени 30 мотиватори<br>• Реализирани од 30–40 мотивациски сесии во локалните средини<br>• Зголемен број на прводарители на крв<br>• Обработени податоци на постоечките бази за дарување на крв со цел утврдување на состојбите за крводарителството<br>• Креирани 20–30 нови бази за дарување крв |
| • Одбележување на 14 јуни – Светскиот ден на крводарителство | • Реализирана панел дискусија со претставници од ЦКРСМ, ИТМ, владини институции, бизнис заедницата и академската заедница за размена на ставови и практики |

| | |
|---|---|
| • Организирање на активности за мотивирање и поттикнување на млади крводарители<br>• Едукација за млади мотиватори за врсничка едукација | • Едуцирани 30 млади мотиватори за врсничка едукација за доброволно дарување на крв<br>• Креирани секции за промоција на дарување на крв во 10–15 средни училишта на територија на РСМ, преку училишните клубови на Црвениот крст<br>• Реализирани 50-60 едукативни мотивациски сесии во средните училишта и факултети, во период 1 недела пред реализација на крводарителска акција во соработка со ИТМ<br>• Продлабочување на соработката со студентски собранија на 10 факултети<br>• Зголемен број на млади дарители, средношколци и студенти |

**РЕЗУЛТАТ 3 –** Подобрен пристап до информации за доброволно крводарителство преку користење на дигитални технологии и социјални мрежи

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Инкорпорирање на дигитални технологии и примена на социјални мрежи во промоција на доброволно крводарителство | • Испромовирана и интегрирана мобилната апликација за доброволно крводарителство<br>• Надградба на постоечкиот софтвер за крводарители |




**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Крводарителство на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
krvodaritelstvo@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# МЕНАЏИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

Развивање и одржување на здравствено превентивни сервиси и програми




## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Во последната деценија, волонтирањето и членувањето во Црвениот крст на РСМ бележат позитивен тренд, и покрај економските предизвици со кои се соочува државата. Волонтерите и членовите претставуваат основа на нашата работа, обезбедувајќи инклузивност и хуманост во секоја локална заедница. Во изминатите четири години, бројот на наши членови во просек се движи помеѓу 17.000 и 19.000 лица. Истовремено, бројот на активни волонтери на Црвениот крст на РСМ на годишна основа се движи помеѓу 3.500 до 5.000 лица. Промовирањето и проширувањето на волонтерската база и членство се важен предуслов за обезбедување поддршка од јавноста и спроведување на услугите на Црвениот крст со цел да обезбедиме придонес во нашето опкружување особено при кризни состојби.

Во 2026 година, во духот на Трансформација–28, ќе се стремиме да создадеме поотворени, флексибилни и комплементарни пристапи за волонтерство и членување. Продолжуваме да инвестираме во дигитализација, партиципативен модел за управување, разновидност и пристапност, како и во градење партнерства и нови канали за зачленување. Ќе продолжиме да инвестираме во обезбедување соодветна обука, безбедност и заштита на волонтерите, особено на оние кои работат во услови на кризна состојба. Ќе промовираме разновидност во нашата волонтерска база и можности за вклучување во нашата работа кои им се достапни на сите волонтери и ќе промовираме подеднакви можности за волонтерски ангажман за постарите лица, меѓу–генерациска соработка и вклученост на лицата со посебни потреби, и други маргинализирани лица, кои можеби не биле во можност порано да се вклучат во Црвениот крст.

Ќе работиме на промовирање на новиот модел за членување преку измени и дополнувања на нормативната рамка со цел да овозможиме нови можности за зачленување за да обезбедиме поширока јавна поддршка преку зголемен број на членови и мобилизрање човечки и материјални средства за унапредување на програмските активности на националното друштво. Новиот модел за формирање основни организации и можностите за зачленување по други основи ќе претставува добра основа за унапредувањето на соработката со различни чинители и организации во државата како што се синдикалните организации, спортските организации, здруженија, компании и институции, со цел да се обезбедат нови

членови, но исто така и да се иницираат можности за партнерства и соработка на национално и локално ниво. Ќе продолжиме да  работиме на воведување на погодности поврзани со начинот на плаќање на членарина за да овозможиме поголема достапност и можности на луѓето да станат дел од нашата членска база и зависно од нивниот интерес да земат учество во системот на раководење на нашата организација. Ќе промовираме модалитети за оддавање признание, вреднување и надградба на членовите и други бенефиции и погодности кои треба да ги обезбеди Црвениот крст или во соработка со партнерски организации/институции. Посебен акцент ќе ставиме на воведување промотивни активности за зголемување на бројот на членови како што се организирање на кампањи за мобилизирање на нови членови  и подигање на свеста на постојните членови за значењето на членување во организацијата.

**РЕЗУЛТАТ 1** – **Воспоставен нов организациски модел за менаџирање и мобилизирање на членство во заедниците**

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Воспоставување нови модалитети за формирање основни организации  за мобилизирање нови членови | • Донесена нова нормативна рамка за формирање основни организации и членување<br>• Број на формирани нови основни организации на ЦК<br>• Мобилизирани 25.000 членови |
| • Воспоставување соработка со различни чинители и организации за обезбедување нови членови | • Формализирана соработка со 10 синдикални организации, корпорации и спортски организации на национално ниво<br>• Мобилизирани нови 10.000 членови<br>• Мобилизирани дополнителни финансиски ресурси од членарина |
| • Воведување модалитети за контактирање и информирање на членство | • Воспоставени форми за контактирање и информирање на членство |

**РЕЗУЛТАТ 2** – **Воведен модел за инспирирање и мобилизирање на волонтери во локалните заедници**

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Воспоставување на креативни и иновативни форми за мобилизирање на млади волонтери | • Мобилизирани 1.500 волонтери преку младински програми<br>• Мобилизирани 3.500 волонтери во програмски активности |
| • Подигање на јавната свест за значењето на волонтерството во државата | • Одржани 50 ориентерски сесии во ООЦК / ЦКГС<br>• Одржани 50 дисеминациски сесии<br>• Спроведена  кампања за волонтирање на национално и локално ниво |
| • Унапредување на безбедност и заштита на волонтерите | • Применети донесени правилници за безбедност и заштита на волонтери |

| | |
|---|---|
| • Воведување на модалитети кои ќе овозможат дигитално волонтирање, корпоративно волонтирање и волонтирање преку онлајн кампањи | • Подготвено софтверско решение<br>• Подготвена рамка за воведување на нови модалитети |

**РЕЗУЛТАТ 3 –** Оспособени и мотивирани волонтери, членови и ориентери за ефективно имплементација на програми на Црвен крст на локално ниво

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Обука за постојни ориентери<br>• Обука за нови ориентери | • Одржана по една обука за постојни и нови ориентери во Црвен крст на РСМ<br>• Обучени 60 ориентери на ООЦК / ЦКГС |
| • Обука за менаџмент на волонтери и членови | • Спроведена една обука за менаџмент на волонтери и членови за 33 претставници на ООЦК и ЦКГС<br>• Оспособени 35 лица за менаџирање волонтери и членови |
| • Промовирање модалитети за одавање признание, вреднување и надградба на членови | • Усвоена нова рамка за вреднување, оддавање признание и надградба на членови<br>• Спроведена обука за 33 претставници на ООЦК |

**РЕЗУЛТАТ 4 –** Систематизирана евиденција на членови и волонтери во Црвен крст на РСМ

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Воведување на ново софтверско решение за евиденција на членови и волонтери | • Интегрирано ново софтверско решение за евиденција на членство на сите нивоа на национално друштво<br>• Подобрен пристап до податоци за членство на централна канцеларија и 33 ООЦК / ЦКГС |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Менаџирање на волонтери и членови на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
taleski@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# СЛУЖБА БАРАЊЕ – ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ

Јакнење на капацитети за навремено и ефикасно воспоставување на семејни врски и барање на исчезнати лица, со посебен фокус на мигрантска популација, ранливи категории на население и подготвеност за одговор при кризни состојби

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП




Секојдневно, илјадници семејства се раздвоени како резултат на воени конфликти, катастрофи, миграции. Човечките страдања се огромни кога ќе се прекинат контактите со семејствата и најблиските сакани личности и кога нема никакви информации за нивната судбина. Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина заедно со националните друштва соработуваат насекаде во светот за да ги лоцираат ваквите случаи и да им помогнат на семејствата повторно да воспостават контакт. Службата Барање е една од најстарите активности на Црвениот крст на РСМ.

Нејзината работа е регулирана со Женевските конвенции од 1949 година, Дополнителните протоколи од 1977 година, Законот за Црвен крст на РСМ од 1994 година, Резолуциите на Меѓународните конференции на Црвен крст и Црвена полумесечина за исчезнати лица, Стратегијата за воспоставување семејни врски на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина (2020–2025, продолжена до 2030 година) и Правилникот за организација и работа на Службата Барање (1998 година). Согласно Женевски конвенции и Дополнителни протоколи чиј потписник е и Република Северна Македонија, водењето на Службата Барање – Воспоставување на семејни врски е обврска на државата. Организирањето и обврските на оваа Служба од страна на државата му се доверени на Црвениот крст на РСМ, како партнер и помошник на властите на хуманитерен план.

Црвен крст на РСМ уште од почетокот на мигрантската криза активно е вклучен во реализација на активностите за Воспоставување на семејни врски, за што и во двата Транзитни центри „Винојуг“ и „Табановце“ во септември 2015 година започнаа да делуваат мобилни тимови кои ги следат состојбите и потребите на мигрантите од повторно воспоставување на прекинати семејни врски. Заради поуспешно справување со пристигнатите Барања за потрага кои редовно пристигнуваат во нашата организација, повидливи резултати и зајакната соработка со Меѓународниот Комитет на Црвен крст и националните друштва долж Балканската рута, како и оние кои се крајна дестинација на мигрантите, неспорно е неопходна надградба на капацитетите на Службата Барање на Црвен крст на РСМ, како и активно вклучување / учество на државните институции/органи како најважни партнери на организацијата на Црвениот крст.

**РЕЗУЛТАТ 1** – Зајакнати капацитети и модалитети за одржливост на Службата за Барање

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Мапирање на правната основа за пружање услуги од доменот на Службата Барање | • Обезбедени индикативни податоци за унапредување на правна основа за делување на Службата за барање |
| • Изготвување на прирачник за Службата Барање | • Подготвен инструктивен прирачник, со формулари, процедури, итн |
| • Изготвување на нацрт оперативни процедури за Службата Барање | • Подготвени оперативни процедури на Службата |
| • Изготвување на опис на работно место за контакт лице и членови на мобилни тимови | • Изготвена нормативна рамка за човечки ресурси за служба барање |
| • Постапување по случаи за воспоставување на семејни врски поврзани со мигрантската криза | • Обезбедена интеракција и поддршка на мобилните тимови (ТЦ „Винојуг“ и „Табановце“)<br>• Решени/постапено по 40 случаи за воспоставување семејни врски |
| • Обезбедување логистичката поддршка на тимовите на Службата Барање – Воспоставување на семејни врски | • Обезбедена поддршка за ангажираните лица на национално, локално ниво и мобилни тимови<br>• Надградба на капацитетите на мобилните тимови за воспоставување на семејни врски и организирање на освежителна обука |

**РЕЗУЛТАТ 2** – Унапредена партнерска соработка за промоција и поуспешување на работата на Служба барање и воспоставување семејни врски

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Унапредување програмска соработка со МКЦК и национални друштва во Движењето | • Присуство и активно учество на 2 меѓународни состаноци на Службите за барање, заради следење и унапредување на програмите за воспоставување на семејни врски во рамките на националните друштва |
| • Градење партнерски релации со владини институции и партнерски организации за поуспешна реализација на активностите на Службата за Барање | • Одржана 1 тркалезна маса со МКЦК и презентирана оперативна рамка на Службата пред државни институции и НВО сектор |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите на **Службата за барање и воспоставување на семејни врски на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
tracing@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# ДИСЕМИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

Подигнување на свеста и почитување на хуманите вредности и МХП

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП




Дисеминација и промоција на меѓународното хуманитарно право е основен и составен дел од работата на Црвениот крст. Програмата обезбедува платформа за споделување информации за историјата, мисијата и значењето на Движењето, за седумте основни принципи и амблемите на Црвениот крст и Црвената полумесечина, и помошната улога на организацијата во државата.

Преку оваа програма се промовира меѓународното хуманитарно право, се поттикнува хуманитарното образование како пристап на Движењето, се мобилизираат нови волонтери, членови и поддржувачи и се подига јавната свест за значењето и улогата на Црвениот крст, како и за потребата од заштита на амблемот и персоналот согласно Женевските конвенции, Дополнителните протоколи и Законот за Црвен крст на РСМ.

Посебно внимание ќе биде насочено кон иновации во дисеминацијата преку современи и привлечни алатки и механизми – дигитални кампањи, мултимедијални содржини, интерактивни работилници и тематски јавни настани. На овој начин, Црвениот крст ќе обезбеди поголема видливост, поефикасна едукација и поширока опфатеност на различни целни групи. Програмата ќе продолжи да се реализира во соработка со Меѓународниот Комитет на Црвен крст, обезбедувајќи поддршка во хармонизација на националното законодавство со меѓународното хуманитарно право, неговата ефективна имплементација и практична примена. Активностите ќе бидат насочени кон младите – ученици и студенти, како и кон пошироката јавност. Со тоа ќе се обезбеди подигнување на свеста за хуманите вредности, промоција на амблемот на Црвениот крст и заштита на неговото значење, како и зајакнување на капацитетите на волонтерите и едукаторите за работа на ова поле.

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите на **Дисеминација и Меѓународно хуманитарно право на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нѐ на:
diseminacija@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

| **РЕЗУЛТАТ 1** – Дисеминирани вредности и принципи на Црвениот крст пред различни целни групи во општеството | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Организирање обуки и сесии за волонтери и вработени за дисеминирање на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина | • Обучени 20 нови дисеминатори |
| • Организирање дисеминациски сесии во локалните заедници, училишта и универзитети | • Организирани најмалку 500 дисеминациски сесии |
| • Развивање и користење на дигитални алатки за промоција на вредностите на Движењето | • Опфатени минимум 11.000 слушатели |

| **РЕЗУЛТАТ 2** – Зголемена промоција на меѓународното хуманитарно право како средство за заштита на интегритетот и добросостојбата на луѓето погодени од вооружени конфликти | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Активности на Клубот за дисеминатори за унапредување на знаењата и практиките во областа на МХП | • Мобилизирани 20 нови членови |
| • Организирање на работни средби и обуки за институции, студенти и јавноста со цел поголема промоција на МХП | • Промовирано значењето на МХП пред најмалку 10 релевантни институции и организации |
| • Одржување состаноци и иницијативи во рамки на Националниот комитет за МХП | • Одржани најмалку 2 работни средби на Националниот комитет за МХП |

| **РЕЗУЛТАТ 3** – Зајакнати партнерства и создадени нови механизми за ефективна и современа дисеминација | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Унапредување на соработката со високообразовни институции и државни органи за интегрирање на МХП и принципите на Црвениот крст во нивните програми | • Организирани локални форуми, дискусии и јавни настани за промоција на хуманите вредности |
| • Развивање иновативни едукативни формати | • Креирани најмалку 5 епизоди во поткаст на Црвениот крст |
| • Поттикнување нови партнерства со меѓународни организации и мрежи | • Постигнато зголемување на видливоста на активностите за 20% во однос на 2025 |

# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА – ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

Промовирање на активен пристап кон животот, промоција на Црвениот крст и мобилизиирање млади волонтери во Црвениот крст



## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

„Црвен Крст во Акција – Промоција на Хумани Вредности“ (ЦКА–ПХВ) е национална алатка за привлекување и задржување на млади волонтери во Црвениот крст, на возраст од 13 до 17 години, преку која секоја година се обучуваат 1.200 нови волонтери. Мисија на програмата е промовирање на културата на дијалог како основен предуслов за создавање на интеркултурно општество и промовирање на активно знаење и однос кон животот, преку принципите и вредностите на Црвениот крст. Во годишниот циклусот на обука, младите се стекнуваат со знаења за дисеминација, за изработка и документирање на мали проекти за добробит на заедницата. ПХВ програмата претставува ретка можност младите да ја сменат својата дневна рутина, да се стекнат со меки вештини и да прават промени во заедницата.

Младите изработуваат хуманитарни проекти за обезбедување помош на лица во ризик преку собирање парични средства или давање услуги, обезбедување помош во храна и хигиена, облека, мебел, обновување домови, средства за операции, медицински помагала, лекови, описменувања, вадење на документи, поддршка и помош на дневни центри и институции и спроведување на еколошки проекти. Преку проектите младите се едуцираат за промоција на соживот, мир, толеранција и меѓусебно разбирање помеѓу различни етнички групи преку активности како што се курсеви по различни јазици, уредување на библиотеки со книги, настани на кои се промовираат облеката, храната, традиција на различни етнички групи, организирање концерти и театарски претстави чија крајна цел не е собирање средства за некоја целна група, туку промоција на културата и работилници за мирно решавање на конфликти.

Младите поминуваат и по 150 волонтерски часа во реализација на проектот и менуваат животи на целните групи кои тие самите ги детектирале. Преку програмата се градаат похумани личности и идни лидери како на Клубовите на млади така и во земјата, со што се зајакнуваат капацитетите на национално друштво.

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите на програмата **Црвен крст во Акција – Промоција на Хумани Вредности на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
phv@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

**РЕЗУЛТАТ 1** – Мобилизирани млади волонтери  во Црвениот крст

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Состанок со секретари на ООЦК за презентирање на модел на ПХВ Програма | • Информирани секретари на ООЦК за обврски во реализација на ПХВ циклус |
| • Одржување средба со 35 ПХВ инструктори за започнување на ПХВ циклус | • Обезбедена инструктивна поддршка за ООЦК за спроведување на ПХВ програма |
| • Организирање обука за нови дисеминатори во ООЦК | • Организирана дводневна обука и оспособени 40 нови дисеминатори |
| • Спроведување на 120 обуки, 3 обуки во секоја ООЦК | • Оспособени 1.200 младинци на теми дисеминација, изработка и документирање на мали проекти за добробит на заедница |
| • Доделување ПХВ Пехар за 2026 година | • Промовирана програмата и избрани добитници на ПХВ Пехар |
| • Доделување на благодарници за секој учесник кој изработувал мал проект | • Искажана благодарност на 1.200 млади за својот волонтерски ангажман во Клубовите на млади |
| • Изработка на ПХВ монографија по повод 30 години постоење и функционирање на програмата | • Изработена и свечено промовирана ПХВ монографијата |

**РЕЗУЛТАТ 2** – Обезбедена поддршка и испромовирани вредности на ЦКА–ПХВ

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Имплементација на околу 150 мали проекти за добробит на заедницата | • Во период од два месеци преку изработка на малите проекти помогнати се околу 3.000 лица кои се детектирани од страна на младите<br>• Вложени се повеќе од 30.000 волонтерски часа за добробит на заедница со што е направена и промена на дневната рутина на младите |
| • Изработка на мали кратки видеа од реализација на теренските активности | • Изработени се вкупно 150 видеа кои се промовирани на повеќе од 70 комуникациски канали на Црвен крст |
| • Одбележување на ПХВ недела 21–27 септември за промовирање култура на ненасилство, мир и толеранција помеѓу младите од различни етнички групи | • Реализирана е ПХВ недела во која се организирани повеќе од 25 настани низ целата земја и опфат на 2.000 лица |
| • Вклучување во клубовите на млади во ООЦК | • Младите од различна етничка група, поминале повеќе од 50 часа во дружење, социјализација и учење за различни култури и споведување на активности |

# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ
Градење на нови пристапи во младинско делување

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП



Младите во Црвениот крст на РСМ се активни и мотивирани волонтери кои своите знаења, вештини и енергија ги насочуваат кон остварување на мисијата и визијата на организацијата, обезбедувајќи поддршка таму каде што е најпотребна. Со својата ангажираност и ентузијазам тие придонесуваат за промоција на хуманите вредности и создавање позитивни промени во заедницата. Особено значаен е пристапот „млади за млади", преку кој младите волонтери ги пренесуваат своите знаења и искуства на своите врсници, поттикнувајќи меѓусебна солидарност, доверба и активно учество.

Организацијата на младите се одвива на локално и национално ниво. На локално ниво, младите делуваат преку 33 клубови на млади во рамки на општинските организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје, додека на национално ниво нив ги претставува Советот на млади – највисокото тело на младите во организацијата, составено од претставници на сите клубови. Во клубовите постојат и помали организациски единици заради пошироката територијална застапеност – во училишта, кои работат во специфични програмски области.

Во текот на 2026 година предвидено е реформирање на организациската поставеност на младите, со цел обезбедување поефикасна структура, унапредена координација и поголема вклученост на младите во процесите на донесување одлуки. Главниот акцент ќе биде ставен на реализацијата на младински иницијативи произлезени од клубовите на млади за поттикување на динамичен младински ангажман и унапредување на хуманите вредности. Паралелно со тоа, ќе се унапреди соработката со училишните клубови на Црвениот крст, кои претставуваат важна платформа за волонтирање и личен развој на младите од основното и средното образование.

Посебен приоритет ќе биде ставен на студентската популација преку формирање и развивање на студентски клубови во рамки на државните универзитети. Овие клубови ќе претставуваат простор каде младите ќе имаат можност активно да се вклучат во дисеминација и промоција на хуманите вредности, спроведување иницијативи за ментално здравје, активности поврзани со климатските промени и акции за социјална инклузија. На овој начин ќе се обезбеди континуитет во младинското организирање и ќе се создадат услови младите да станат уште поактивни и значајни чинители во универзитетските заедници. Преку унапредена соработка со образовните институции ќе се овозможи реализација на поголем број кампањи, натпревари, едукативни програми и волонтерски акции.

| **РЕЗУЛТАТ 1** – Реформирана организациска поставеност и зајакната младинска структура | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Реализација на избори во клубовите на млади и во Советот на млади | • Спроведени избори во 33 клубови на млади и избран нов состав на Советот на млади |
| • Развивање и усвојување на документи кои ќе ја дефинираат новата организациска поставеност на младите | • Усвоени минимум 2 нови документи |
| • Зајакнување на улогата на Советот на млади во процесите на донесување одлуки на национално ниво | • Реализирани минимум 3 состаноци на Советот на млади |

| **РЕЗУЛТАТ 2** – Реализирани младински иницијативи и акциски планови за локални заедници | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Отпочнување со реализација на младинските иницијативи во првиот квартал, согласно акциските планови и динамиката утврдена од работни групи | • Започнати најмалку 3 младински иницијативи |
| • Вклучување на младите во процес на мониторинг и евалуација на спроведените иницијативи | • Вклучени најмалку 30 млади во мониторинг и евалуација |
| • Поттикнување на лидерство и развој на младински кадар преку обуки и менторска поддршка | • Обучени најмалку 60 млади за лидерство и волонтерски менаџмент |

| **РЕЗУЛТАТ 3** – Унапредена работа на училишни и студентски клубови на Црвен крст | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Унапредување на соработката со наставници, професори и образовни институции за младинско дејствување | • Зголемен број на волонтери и членови за 20% |
| • Развивање на нови теми на врснички едукации и активности насочени кон унапредување на ученичката и студентската партиципација | • Развиени и имплементирани најмалку 2 нови теми за врснички едукации |
| • Формирање студентски клубови на државните универзитети и воспоставување план за нивно функционирање | • Формирани најмалку 3 нови студентски клубови и усвоен план за работа на секој клуб |
| • Поттикнување на ученички и студентски акции во образовните заедници во соработка со наставниот кадар и локалните институции | • Опфатени минимум 1.000 ученици и студенти |

| **РЕЗУЛТАТ 4** – Унапредена финансиска стабилност на младинските клубови | |
|---|---|
| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
| • Обуки за финансиско проектно пишување кај младите | • Обучени најмалку 30 млади за изработка на проектни апликации |
| • Вклучување на младите во развој на одржливи проекти и волонтерски активност | • Развиени и спроведени најмалку 3 проекти со активна вклученост на млади |



**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите на **Младите на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè:

mladi.ckrsm@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# ПЛАНИРАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

## Планирање, мониторинг и евалуација како средства за успешен развој




### ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Планирањето, мониторингот и евалуацијата претставуваат клучни елементи во реализацијата на програмските активности и се неопходни за постигнување на долгорочна одржливост, кредибилитет и организациски успех. Тие овозможуваат систематско собирање и анализа на информации за напредокот на програмите, со што се обезбедува основа за правилни одлуки, поголема транспарентност, отчетност и поефикасно користење на ресурсите. Во 2026 година, Црвениот крст на Република Северна Македонија продолжува со посветен пристап кон развој на ефективни PME–системи, со кои ќе се обезбеди појасна слика за перформансите, правовремена анализа на предизвици и донесување на одлуки засновани на реални податоци и факти.

Преку редовен мониторинг и евалуација, организацијата може да го следи остварувањето на зацртаните цели, да ги идентификува предизвиците и слабите страни, како и да ги подобрува своите перформанси и идни планови.

Наодите од овие процеси служат како контролни механизми за раководните структури, овозможуваат подобра организациска поставеност и придонесуваат кон развој на поефективни и поадаптивни програми и услуги. Со трансформациските процеси кои ги спроведуваме, дигитализацијата на системите за мониторинг и евалуација станува сè поважна алатка во нашето секојдневно работење. Преку користење на дигитални платформи, мобилни алатки и нови технологии, имаме можност да обезбедиме побрзо, поточно и поефикасно следење на активностите и индикаторите на програмите.

Во 2026, ќе работиме на интегрирање на вештачка интелигенција (AI) и автоматизација во мониторингот и евалуацијата – преку алатки за анализа на трендови, предвидување на ризици, следење на перцепции на јавноста и обработка на големи количини податоци. Овие

иновации ќе овозможат понапредно известување, рано препознавање на проблеми и поголема прилагодливост во програмското управување. Редовното следење на активностите ќе се врши со однапред утврдена динамика, преку јасно дефинирани индикатори, а резултатите ќе се користат не само за евалуација на успешноста, туку и за подобрување на услугите и проширување на добрите практики. Ќе се користат интегрирани системи за вкрстена анализа на квалитативни и квантитативни податоци, кои ќе бидат основа за извештаи и препораки за идното планирање.

Дополнително, ќе се зајакне вклученоста на заедниците, волонтерите и корисниците во процесите на евалуација, преку механизми за повратни информации, учество во анализа на резултати и заедничко идентификување на потреби. На овој начин, ќе се осигури поголема релевантност и прилагоденост на програмите кон реалните услови на терен.

Црвениот крст на РСМ останува посветен на унапредување на транспарентноста и отчетноста, преку јасни стандарди и процедури за планирање и известување, како и преку редовно споделување на наоди и препораки со донаторите, партнерите и јавноста. Континуирано ќе се следи и напредокот на имплементацијата на Процесот Трансформација–28, преку систематски мониторинг на утврдените приоритети, активности и резултати, вклучувајќи ги индивидуалните оперативни планови на сите одговорни програмски единици во организацијата.

**РЕЗУЛТАТ 1** – Систематизирано прибирање информации кои обезбедуваат клучни насоки и основи за стратешкото планирање

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Мониторинг и евалуација на работењето на ООЦК / ЦКГС / ЦКРСМ | • Месечно, квартално, полугодишно и годишно следење на прогрес на имплементација на активности на ООЦК / ЦКГС / ЦКРСМ преку анализа на планови, програми, извештаи, статистички податоци, годишни евалуации на секретари / претседатели / раководни одбори |
| • Ревидирање и подобрување на алатките за следење на прогрес или успешност | • Утврдени ефикасни начини на прибирање податоци за унапредување на работата на ООЦК / ЦКГС / ЦКРСМ како и подобрување на транспарентноста и отчетноста во работењето |
| • Мониторинг и евалуација на спроведувањето на акцискиот план од процесот Трансформација–28 | • Соработка и координација на процесот Трансформација–28 со тимот на Раководниот Одбор на ЦКРСМ преку квартални средби, следење на тековната реализација, остварен прогрес и ревидирање на акцискиот план |

**РЕЗУЛТАТ 2 –** Зајакната доверба, транспарентност и отчетност и запазување на интегритетот на организацијата

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Изработка на годишен извештај за работа на ЦКРСМ за 2025 година<br>• Изработка на годишна програма за работа на ЦКРСМ за 2027 година<br>• Подготовка на оперативен план за работа на национално друштво за 2027 година<br>• Подготовка на проектни и програмски извештаи за донатори | • Подготвен годишен извештај за спроведени активности на националното друштво во 2025 година<br>• Подготвена годишна програмска рамка за работа на Црвен крст на РСМ во 2027 година<br>• Изготвен интегрален оперативен план за спроведување на активности на национално друштво во 2027 година<br>• Подготвени и споделени проектни и програмски извештаи до донатори на програми и проекти на Црвен крст на РСМ |

**РЕЗУЛТАТ 3 –** Донесување на минимум стандарди и критериуми во работењето и модел на доброфункционирачка локална организација

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Дефинирање минимум стандарди и критериуми во работењето на ООЦК / ЦКГС | • Усвоени минимум стандарди како водич за планирање и имплементација на активности, усогласени со актуелните потреби и можности за дејствување на локално ниво |
| • Донесување модел на доброфункционирачка локална организација | • Усвоен стандардизиран пристап на работењето кој ќе предвиди и категоризација на локалните организации и редефинирање на дејностите за посоодветни, поефективни и поадаптивни програми и услуги |

**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите на **Планирање, Мониторинг и Евалуација на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
taleski@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА, ИНФОРМИРАЊЕ, КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Дигитална трансформација, информирање, комуникации и односи со јавност

## ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП



Во време на постојани општествени, технолошки и комуникациски промени, Црвениот крст на РСМ ја препознава клучната улога на современото информирање, транспарентната комуникација и партнерството со јавноста во остварувањето на својата хуманитарна мисија. Нашата заложба за отвореност, достапност и ефективна размена на информации останува централен елемент во градењето доверба со граѓаните, партнерите и медиумите. Во 2026 година, оваа заложба ја прошируваме со фокус на дигитална трансформација и интеграција на напредни технологии, со цел зголемување на ефикасноста, проширување на опфатот на услуги и унапредување на вклученоста на заедниците. Комуникацијата не е само техничка алатка, туку мост помеѓу организацијата и луѓето кои ги опслужуваме. Со развојот на дигиталните платформи и алатки, ние имаме можност да ги приближиме нашите активности до пошироката јавност, да го зголемиме влијанието на нашите пораки и да овозможиме навремена и двонасочна комуникација. Во таа насока, продолжуваме да работиме на градење на функционална, интегрирана и модерна комуникациска мрежа во рамките на целото национално друштво.

Како дел од глобалната мрежа на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Црвениот крст на РСМ ја препознава потребата од прифаќање на дигиталната ера. Во 2026 година ќе бидат засилени напорите за дигитална трансформација на комуникациските процеси – преку подобрување на онлајн присуството, автоматизација на работните процеси, креирање на дигитални содржини со висок квалитет, како и унапредување на капацитетите на вработените и волонтерите за користење на новите дигитални алатки. Посебно внимание ќе се посвети на воведување на вештачка интелигенција (AI) како поддршка во процесот на комуникација и информирање. Преку AI алатки ќе се подобри следењето на јавниот наратив, ќе се овозможи попаметно управување со содржини, побрза анализа на податоци, а во иднина и персонализирана комуникација со различни целни групи. Ова ќе ја зајакне способноста на организацијата да обезбеди соодветен, навремен одговор и во согласност со потребите на заедницата.

Истовремено, организацијата ќе продолжи со своите традиционални активности – како редовно публикување на е-весникот „Инфо“, подготовка на промотивни материјали и организирање на настани со медиуми – но ќе се стреми тие да бидат збогатени со нови формати, визуелна динамика и интерактивност, адаптирани за дигитални канали. Брендот на Црвениот крст е симбол на доверба, грижа и неутралност. Затоа, во 2026 година ќе се ревидираат бренд стандардите, за да бидат усогласени со новите трендови во дигитална комуникација, но и со очекувањата на современата публика. Комуникациите и односите со јавноста ќе бидат водени од стремежот кон повисоко ниво на транспарентност, отчетност и ефикасност. Со дигитални алатки, AI и континуирано градење на капацитети, организацијата ќе биде подобро подготвена да одговори на предизвиците на денешницата и да остане блиска до оние што најмногу имаат потреба од неа.

**РЕЗУЛТАТ 1** – Воспоставена интегрирана, функционална и дигитално трансформирана комуникациска мрежа во националното друштво

| Активности 2026 | Показатели на успешност 2026 |
|---|---|
| • Публикување на промотивни материјали, стратешки документи, публикации и поштенски доплатни марки дефинирани со Законот за Црвениот крст и програмски и проектни активности во рамки на издавачката дејност на националното друштво | • Публикувани и испечатени промотивни материјали, стратешки документи, публикации, информативен материјал и поштенски доплатни марки |
| • Подготовка и дистрибуција на 160 изданија на Е-весникот „Инфо“ со проширени мултимедијални содржини | • Споделени информации за реализирани активности на Црвен крст на РСМ и ООЦК / ЦКГС до партнери, чинители и граѓани преку 160 изданија на Е–весник „Инфо“ |
| • Одржување на работилница со новинари од електронски и пишани медиуми | • Подигната свест за значењето на работата на Црвениот крст на 15 новинари од електронски и пишани медиуми |
| • Ревидирање и имплементација на ажурирани бренд стандарди, со фокус на дигитални комуникациски канали | • Ажурирани и имплементирани бренд стандарди, прилагодени за дигитална средина<br>• Подобрена транспарентност и имиџ на организацијата |
| • Воспоставување на дигитална платформа за внатрешна комуникација и размена на информации (интранет)<br>• Подготовка на водич за дигитална комуникација и користење на социјални медиуми | • Унапредени комуникациски знаења и компетенции на вработени и волонтери во националното друштво за работа со дигитални технологии<br>• Воспоставување на оперативна функционална дигитална и комуникациска мрежа во националното друштво<br>• Изработен и применет водич за дигитална комуникација |

• Обука на вработени и волонтери за користење на вештачка интелигенција во комуникациските алатки (генеративни AI алатки, автоматизација на содржина, анализа на податоци)
• Имплементација на AI–систем за анализа на медиумско покривање, ставови на јавноста и следење на перцепцијата за организацијата
• Развој на комуникациски протокол за итни состојби, базиран на дигитални и AI алатки

• Обучени 40 вработени и волонтери за користење на AI алатки за комуникација
• Воспоставен AI–систем за следење и анализа на медиумско покривање и перцепција
• Изработен и применет комуникациски протокол за итни ситуации



**Бидете дел од нашата хуманитарна приказна!**
Доколку сте заинтересирани да се вклучите или учествувате како партнер/поддржувач/волонтер или сакате да дознаете повеќе за активностите за **Информирање и Односи со јавност на Црвен крст на РСМ** во 2026 година контактирајте нè на:
informiranje@redcross.org.mk | +389 2 3114–355

# ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Црвениот крст на РСМ во својот буџет јасно ги прикажува годишните приоходи и расходи, кои овозможуваат конструирање на начинот на финансирање на организацијата и можноста за спроведување на одредена активност, стратегија и план.

Вкупниот Буџет за 2026 година е зголемен за 17,86% во однос на буџетот од минатата 2025 година. Зголемувањето се должи како резултат на зголемени приходи од социјалните услуги. Од вкупните приходи, планираните сопствени приходи оваа година учествуваат со 51,61% и се зголемени во однос на минатата година а приходите од органи и донатори учестуваат со 48,39% и бележат намалување во однос на минатата година кога истите учествуваа со 56,98%.

Во делот на расходите, капиталните расходи учествуваат со 11,32%, тековните расходи изнесуваат 87% а расходите за донација и помош изнесуваат 1,68% од вкупните расходи. И оваа година политиката на организацијата е насочена кон развојот на општинските организации на Црвен крст преку фондови за развој, видливост и итен одговор на катастрофи кои се наменети за ООЦК и ЦКГС. Исто така важно е да се напомене дека од вкупните трошоци на централата, 42,41% се директни трансфери во ООЦК за реализација на програмските активности и бележат зголемување во номинален износ во однос на минатата 2025 година како резултат на зголемени трансфери по основ на средства од надоместокот од регистрација на возила. Од вкупниот буџет на централната канцеларија на ЦКРСМ, 56,83% се наменети за поддршка на ООЦК и ЦКГС.

Како трошок на централата на Црвен крст на РСМ се опфатени трошоците за плата на вработените, материјалните трошоци, како и трошоците за тековно одржување. Во делот на трошоци наменети за ООЦК / ЦКГС опфатени се трошоци за проекти обезбедени од донатори или за програми обезбедени од институции. Црвениот крст на РСМ преку следење на модерните токви за осовременување и усовршување на материјално – финансиско работење, овозможува транспарнтност и отчетност во работењето, автоматска обработка на податоците, брз проток на информации и финансиски показатели, точна и сеопфатна база на финансиски податоци и зголемување на капацитетите на националнотот друштво во целост.

Буџетот на Црвениот крст на РСМ е реален, сеопфатен, структуиран, прецизен и избалансиран а планираните средства во Буџетот за 2026 година ќе ги користи наменски, рационално и економично, со потполна транспарентност и отчетност.

| | % | 2026 | 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **100,00** | **178.629.423,00** | **151.558.414,00** | **178.405.504,00** |
| • Сопствени извори | 51,61 | **92.184.195,00** | 65.195.299,00 | 71.476.821,00 |
| • Од органи и донатори | 48,39 | **86.445.228,00** | 86.363.115,00 | 106.928.683,00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **100,00** | **178.629.423,00** | **151.558.414,00** | **178.405.504,00** |
| • Тековни расходи | 87,00 | **155.405.698,00** | 141.995.083,00 | 164.132.704,00 |
| • Капитални расходи | 11,32 | **20.223.725,00** | 5.863.000,00 | 13.086.000,00 |
| • Помош и донации | 1,68 | **3.000.000,00** | 3.700.331,00 | 1.186.800,00 |
| **РАЗЛИКА** | | **0,00** | **0,00** | **0,00** |

# Приходи

| ОПИС | СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ | ОРГАНИ И ДОНАТОРИ | БУЏЕТ 2026 | БУЏЕТ 2025 | БУЏЕТ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | |
| • Министерство за социјална политика, демографија и млади - програмски активности | 4.600.000,00 | 2.000.000,00 | **6.600.000,00** | 8.000.000,00 | 8.000.000,00 |
| • Крводарителство (Министерство за здравство) | | 8.800.000,00 | **8.800.000,00** | 10.700.000,00 | 9.792.000,00 |
| • Социјално-хуманитарна дејност | 19.400.000,00 | 4.400.000,00 | **23.800.000,00** | 20.800.000,00 | 15.800.000,00 |
| • Организација и развој | | 2.314.800,00 | **2.314.800,00** | 1.334.550,00 | 7.850.000,00 |
| • Прва помош | 8.142.000,00 | | **8.142.000,00** | 8.542.000,00 | 9.000.000,00 |
| • Здравствено превентивна дејност | | 2.034.348,00 | **2.034.348,00** | 2.209.148,00 | 2.589.148,00 |
| • Млади | | 264.000,00 | **264.000,00** | 264.000,00 | 264.000,00 |
| • Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | | | **0,00** | 2.460.000,00 | 18.042.000,00 |
| • Дисеминација | | 1.109.800,00 | **1.109.800,00** | 737.000,00 | 893.300,00 |
| • ЦК во акција - ПХВ (котизација од ООЦК) | | 792.000,00 | **792.000,00** | 792.000,00 | 720.000,00 |
| • Односи со јавност | | | **0,00** | 0,00 | 128.235,00 |
| • Воспоставување на семејни врски | | 778.680,00 | **778.680,00** | 0,00 | 0,00 |
| • Меѓународна соработка | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| • Ментално здравје и ПСП | | | **0,00** | 2.416.000,00 | 1.980.000,00 |
| • Човечки ресурси | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| • Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | |
| • Од ООЦК (по основ на котизација) | 1.770.000,00 | | **1.770.000,00** | 1.770.000,00 | 1.770.000,00 |
| • Донација од физички лица | 150.000,00 | | **150.000,00** | 150.000,00 | 150.000,00 |
| • Донација од правни лица | 1.000.000,00 | | **1.000.000,00** | 1.000.000,00 | 300.000,00 |
| • Доплата марки (од законот на ЦК) | 200.000,00 | | **200.000,00** | 200.000,00 | 350.000,00 |
| • Од закупнина на деловен простор | 1.792.800,00 | | **1.792.800,00** | 1.792.800,00 | 1.792.800,00 |
| • Од регистрација на возила | 13.500.000,00 | 61.500.000,00 | **75.000.000,00** | 72.000.000,00 | 72.000.000,00 |
| • Од курсеви за спасители на вода | 30.000,00 | | **30.000,00** | 30.000,00 | 30.000,00 |
| • Пренесени средства од минатата година | 41.599.395,00 | 2.451.600,00 | **44.050.995,00** | 16.360.916,00 | 26.954.021,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **92.184.195,00** | **86.445.228,00** | **178.629.423,00** | **151.558.414,00** | **178.405.504,00** |

# Расходи

| ОПИС | СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ | ОРГАНИ И ДОНАТОРИ | БУЏЕТ 2026 | БУЏЕТ 2025 | БУЏЕТ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | |
| • Бруто плата на вработени | 24.877.800,00 | 4.066.200,00 | **28.944.000,00** | 26.049.600,00 | 23.155.200,00 |
| • Надомест за годишен одмор | 510.000,00 | | **510.000,00** | 375.000,00 | 375.000,00 |
| • Други надоместоци | 150.000,00 | | **150.000,00** | 150.000,00 | 100.000,00 |
| **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК** | | | | | |
| • Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 30.000,00 | | **30.000,00** | 30.000,00 | 30.000,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | **25.567.800,00** | **4.066.200,00** | **29.634.000,00** | **26.604.600,00** | **23.660.200,00** |
| **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| • Патување во странство | 250.000,00 | | **250.000,00** | 250.000,00 | 250.000,00 |

# Расходи

| ОПИС | СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ | ОРГАНИ И ДОНАТОРИ | БУЏЕТ 2026 | БУЏЕТ 2025 | БУЏЕТ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| • Електрична енергија | 840.000,00 | 307.725,00 | **1.147.725,00** | 720.000,00 | 900.000,00 |
| • Услуга за вода | 96.000,00 | | **96.000,00** | 72.000,00 | 72.000,00 |
| • Ѓубретарина | 176.400,00 | | **176.400,00** | 146.400,00 | 90.000,00 |
| **ЗАТОПЛУВАЊЕ** | | | | | |
| • Централно греење | 510.000,00 | | **510.000,00** | 510.000,00 | 570.000,00 |
| **КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | | | | | |
| • Пошта | 100.000,00 | | **100.000,00** | 100.000,00 | 100.000,00 |
| • Телефон | 600.000,00 | | **600.000,00** | 1.000.000,00 | 900.000,00 |
| • Дневници во земјата и во странство | 300.000,00 | | **300.000,00** | 250.000,00 | 250.000,00 |
| • Гориво | 1.200.000,00 | | **1.200.000,00** | 900.000,00 | 900.000,00 |
| • Трошоци за регистрација на возила | 415.000,00 | | **415.000,00** | 335.000,00 | 415.000,00 |
| • Други расходи за транспорт (патарина, миење возила, лепење гуми) | 300.000,00 | | **300.000,00** | 150.000,00 | 120.000,00 |
| **МАТЕРИЈАЛИ** | | | | | |
| • Канцелариски материјал | 600.000,00 | | **660.000,00** | 660.000,00 | 660.000,00 |
| • Претплата за списанија и стручна литература | 45.000,00 | | **45.000,00** | 45.000,00 | 45.000,00 |
| • Материјали за АОП | 200.000,00 | | **200.000,00** | 100.000,00 | 100.000,00 |
| • Копирање, печатење и издавање материјали | 3.124.000,00 | 0,00 | **3.124.000,00** | 4.605.000,00 | 5.126.000,00 |
| – Организација и развој | | | **0,00** | 500.000,00 | 1.680.000,00 |
| – Информирање и комуникација | 254.000,00 | | **254.000,00** | 164.000,00 | 163.000,00 |
| – Дисеминација | | | **0,00** | 201.000,00 | 201.000,00 |
| – Здравствено-хуманитарна дејност | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| – Прва помош | 2.030.000,00 | | **2.030.000,00** | 2.030.000,00 | 1.530.000,00 |
| – Меѓународна соработка | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| – Крводарителство | | | **0,00** | 870.000,00 | 442.000,00 |
| – Социјално-хуманитарна дејност | 200.000,00 | | **200.000,00** | 200.000,00 | 120.000,00 |
| – Воспоставување на семејни врски | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| – Мобилизирање на фондови | 50.000,00 | | **50.000,00** | 50.000,00 | 50.000,00 |
| – Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 340.000,00 | | **340.000,00** | 340.000,00 | 590.000,00 |
| – Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | 50.000,00 | | **50.000,00** | 50.000,00 | 50.000,00 |
| – ЦКА-ПХВ | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| – Млади | 200.000,00 | | **200.000,00** | 200.000,00 | 100.000,00 |
| – Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | **0,00** | 0,00 | 200.000,00 |
| • Пијалоци, прехрамбени продукти, средства за хигиена | 450.000,00 | | **450.000,00** | 450.000,00 | 400.000,00 |
| • Материјали за противпожарна заштита | 50.000,00 | | **50.000,00** | 50.000,00 | 50.000,00 |
| • Материјали со специјална намена (медицински материјали, електро материјали) | 200.000,00 | 42.500,00 | **242.500,00** | 245.000,00 | 490.000,00 |
| • Други материјали | 1.700.000,00 | | **1.700.000,00** | 1.700.000,00 | 1.600.000,00 |
| **ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| • Поправка и одржување на коли | 600.000,00 | | **600.000,00** | 600.000,00 | 600.000,00 |
| • Трошоци за одржување на опрема | 100.000,00 | | **100.000,00** | 100.000,00 | 100.000,00 |
| • Трошоци за одржување на зграда | 500.000,00 | | **500.000,00** | 500.000,00 | 100.000,00 |
| • Одржување на софтвер и хардвер | 1.200.000,00 | | **1.200.000,00** | 576.000,00 | 1.020.000,00 |

# Расходи

| ОПИС | СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ | ОРГАНИ И ДОНАТОРИ | БУЏЕТ 2026 | БУЏЕТ 2025 | БУЏЕТ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| • Адвокатски услуги | | | **0,00** | 0,00 | 120.000,00 |
| • Семинари и состаноци | 8.426.000,00 | 7.616.300,00 | **16.042.300,00** | 15.101.250,00 | 14.407.375,00 |
| – Организација и развој | | 1.230.000,00 | **1.230.000,00** | 399.750,00 | 2.900.000,00 |
| – Информирање и комуникација | 10.000,00 | | **10.000,00** | 15.000,00 | 15.000,00 |
| – Дисеминација | 15.000,00 | 489.800,00 | **504.800,00** | 308.000,00 | 354.800,00 |
| – ЦКА-ПХВ | 792.000,00 | 792.000,00 | **1.584.000,00** | 1.452.000,00 | 1.020.000,00 |
| – Здравствено-воспитна дејност | 200.000,00 | | **200.000,00** | 200.000,00 | 380.000,00 |
| – Прва помош | 740.000,00 | | **740.000,00** | 1.030.000,00 | 1.030.000,00 |
| – Крводарителство | 15.000,00 | 830.000,00 | **845.000,00** | 845.000,00 | 515.000,00 |
| – Социјално-хуманитарна дејност | 3.000.000,00 | 2.000.000,00 | **5.000.000,00** | 4.500.000,00 | 2.850.000,00 |
| – Воспоставување на семејни врски | 10.000,00 | | **10.000,00** | 10.000,00 | 74.575,00 |
| – Ментално здравје и ПСП | | 900.000,00 | **900.000,00** | 900.000,00 | 1.280.000,00 |
| – Млади | 100.000,00 | | **100.000,00** | 100.000,00 | 50.000,00 |
| – Подготвеност и одговор во случај на катастрофи (10% за програмски активности за катастрофи) | 374.000,00 | 803.000,00 | **1.177.000,00** | 1.177.000,00 | 374.000,00 |
| – Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 500.000,00 | | **500.000,00** | 500.000,00 | 300.000,00 |
| – Седници и работење на Раководен Одбор | 350.000,00 | | **350.000,00** | 350.000,00 | 350.000,00 |
| – Собрание на ЦКРСМ | 100.000,00 | | **100.000,00** | 100.000,00 | 100.000,00 |
| – Состанок со секретарите / претседатели | 200.000,00 | | **200.000,00** | 200.000,00 | 200.000,00 |
| – Државен и регионален натпревар по прва помош | 1.050.000,00 | | **1.050.000,00** | 1.050.000,00 | 650.000,00 |
| – Совет на млади / Координативно тело / Академија за млади / Програма за зајкнување на капацитетите на млади | 620.000,00 | | **620.000,00** | 735.000,00 | 650.000,00 |
| – Младински камп / Европски координативен состанок | 250.000,00 | 571.500,00 | **821.500,00** | 821.500,00 | 514.000,00 |
| – Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | **0,00** | 308.000,00 | 300.000,00 |
| – Светски ден по прва помош | 100.000,00 | | **100.000,00** | 100.000,00 | 500.000,00 |
| • Банкарска провизија | 300.000,00 | | **300.000,00** | 100.000,00 | 100.000,00 |
| • Осигурување на имот и обезбедување на објекти | 250.000,00 | | **250.000,00** | 250.000,00 | 250.000,00 |
| • Други финансиски услуги (договори за повремени и привремено ангажирање) | 500.000,00 | 8.702.023,00 | **9.202.023,00** | 2.023.148,00 | 4.605.345,00 |
| • Други договорени услуги (царина, работници за пакување хуманитарна помош), судски решенија, кирија | 1.000.000,00 | | **1.000.000,00** | 1.000.000,00 | |
| • Надворешна ревизија | 200.000,00 | | **200.000,00** | 180.000,00 | 180.000,00 |
| • Членарина во меѓународни организации | 236.500,00 | | **236.500,00** | 236.500,00 | 236.500,00 |
| **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| • Обезбедување на фондови | 100.000,00 | | **100.000,00** | 100.000,00 | 100.000,00 |
| • Мрежа „Соседите помагаат први“ | 600.000,00 | | **600.000,00** | 1.800.000,00 | |
| • Трошоци за меѓународна соработка | 500.000,00 | 184.500,00 | **684.500,00** | 484.500,00 | 250.000,00 |
| **ТРАНСФЕРИ ДО ОПШТИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЦКГС** | | | | | |
| • Трансфери до ООЦК | | 75.749.000,00 | **75.749.000,00** | 69.802.280,00 | 91.416.548,00 |
| • 5% за набавка и надоградба на софтвер и опрема | 371.250,00 | | **371.250,00** | 356.400,00 | 356.400,00 |
| • Фонд за итен одговор на катастрофи | 2.160.000,00 | | **2.160.000,00** | 2.068.400,00 | 5.768.731,00 |
| • Фонд за развој и проекти | 3.030.000,00 | | **3.030.000,00** | 4.259.413,00 | 4.259.413,00 |
| • Фонд за видливост | 1.755.000,00 | | **1.755.000,00** | 3.564.192,00 | 3.564.192,00 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **58.552.950,00** | **96.852.748,00** | **155.405.698,00** | **141.995.083,00** | **164.132.704,00** |

## Расходи

| ОПИС | СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ | ОРГАНИ И ДОНАТОРИ | БУЏЕТ 2026 | БУЏЕТ 2025 | БУЏЕТ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА** | | | | | |
| • Купување канцелариски мебел | | | **0,00** | 0,00 | 1.000.000,00 |
| • Купување на опрема (Централна канцеларија и Оперативен центар, Интервентен национален тим и Стручен центар по прва помош, Регионален центар за ПСС во Кочани, ЦКРСМ) | 2.200.000,00 | 307.725,00 | **2.507.725,00** | 2.247.000,00 | 308.000,00 |
| • Купување софтвери за ЦКРСМ | 516.000,00 | | **516.000,00** | 1.516.000,00 | 7.678.000,00 |
| **КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА** | | | | | |
| • Купување автомобили | 7.200.000,00 | | **7.200.000,00** | **2.000.000,00** | 1.500.000,00 |
| **ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| • Капитални инвестиции во ООЦК | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| • Поддршка за развој на ООЦК | | | **0,00** | 100.000,00 | 100.000,00 |
| • Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 10.000.000,00 | | **10.000.000,00** | 0,00 | 2.500.000,00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **19.916.000,00** | **307.725,00** | **20.223.725,00** | **5.863.000,00** | **13.086.000,00** |
| **ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | | | | | |
| • Помош, донации и други давања на субјекти во натура | 3.000.000,00 | | **3.000.000,00** | 3.700.331,00 | 1.186.800,00 |
| • Помош, донации и други давања на субјекти во пари | | | **0,00** | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ, ПОМОШ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | **3.000.000,00** | **0,00** | **3.000.000,00** | **3.700.331,00** | **1.186.800,00** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **81.468.950,00** | **97.160.473,00** | **178.629.423,00** | **151.558.414,00** | **178.405.504,00** |

| | | **%** |
|---|---|---|
| Трошоци за Централата на ЦКРСМ | 62.572.700,00 | 35,03 |
| Трошоци за ООЦК | 116.056.723,00 | 64,97 |
| **ВКУПНО** | **178.629.423,00** | **100** |

| | | **%** |
|---|---|---|
| Трошоци во Централата на ЦКРСМ | 77.122.700,00 | 43,17 |
| Трошоци за ООЦК | 101.506.723,00 | 56,83 |
| **ВКУПНО** | **178.629.423,00** | **100** |

Служба за финансии и ревизија
**Жаклина Поповиќ**

Генерален секретар
**д-р Саит Саити**


ПРИХОДИ ВО 2026
120.000.000
100.000.000
80.000.000
60.000.000
40.000.000
20.000.000
0
2026
2025
2024
сопствени приходи
92.184.195
65.195.299
71.476.821
од органи и донатори
86.445.228
86.363.115
106.928.683


РАСХОДИ ВО 2026
180.000.000
160.000.000
140.000.000
120.000.000
100.000.000
80.000.000
60.000.000
40.000.000
20.000.000
0
2026
2025
2024
тековни расходи
155.405.698
141.995.083
164.132.704
капитални расходи
20.223.725
5.863.000
13.086.000
помош и донации
3.000.000
3.700.331
1.186.800


ТРОШОЦИ ВО ЦЕНТРАЛАТА
43%
ТРОШОЦИ ЗА ООЦК
57%


СТРУКТУРА НА РАСХОДИ НА ЦКРСМ
ПРОГРАМИ/ПРОЕКТИ
МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ
ПЛАТИ ВРАБОТЕНИ
1
69,38
14,03
16,59
1
ПРОГРАМИ/ПРОЕКТИ 69,38
МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ 14,03
ПЛАТИ ВРАБОТЕНИ 16,59


СТРУКТУРА НА ТРОШОЦИ НА ЦКРСМ
17%
14%
69%
ПЛАТИ ВРАБОТЕНИ
МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ
ПРОГРАМИ/ПРОЕКТИ


СТРУКТУРА НА РАСХОДИ НА ЦКРСМ
43%
57%
ТРОШОЦИ ВО ЦЕНТРАЛАТА
ТРОШОЦИ ЗА ООЦК



REDCROSS.ORG.MK